СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Третото продолжение на Осумдесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 април 1998 година

Скопје, април 1998 година

**III ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 88-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 21 АПРИЛ 1998 Г.**

Дискутанти:

1. АГДАРАГА ГАЗМЕНД – 90
2. АБДИ ФАИК – 45, 49
3. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ – 33
4. АБДУЛАЛИ ВЕЈСЕЛИ – 24, 26
5. ГОШЕВ ТУШЕ – 30, 42
6. ДАНОВКИ СЛОБОДАН – 67, 71
7. КОЦЕВСКИ АЦЕ – 1, 93, 98, 102, 104, 110
8. КОТЕВСКИ СЛАВКО - 63
9. МУРАТИ ЏЕЛАДИН – 76.. 9води седн.)
10. МИТЕВСКИ ДРАГАН – 28, 94
11. МИНОВ ПАНЧО – 51, 57
12. ПЕЦОВ МИРКО - 112
13. ПЕТКОВСКИ ТИТО – 1.. (води седн.)
14. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 103
15. СОКОЛОВСКИ ВАЛДИМИР - 82
16. СУЛЕЈМАНИ РИЗВАН - 20
17. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР – 72, 88, 89, 114, 116
18. ТРАЈКОВ РИСТО – 79, 80
19. ТАНТАРОВ ВЕЉО – 10, 83, 86
20. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН - 58
21.ФИЛИПОВСКИ БЛАЖЕ - 75
22.ФИТИ ТАКИ – 79, 81, 82, 84, 85, 89, 90, 91, 92, 96, 97, 98, 99, 101, 102, 103, 1037, 108, 111, 113, 114, 115, 116, 117, 118

Дневен ред:

- Закон за Денационализација – Продолжение од претх.седн. Изгласан на 119 с.

-седницата продолжува –

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Третото продолжение на Осумдесет и осма- та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 април 1998 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието, сала I, со почеток во 12,40 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по Осумдесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Симон Наумовски ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Дозволете ми од мое и ваше име на православните христијани во Република Македонија да им го честитам големиот празник Велигден.

Застанавме на општиот претрес по Предлогот на законот за денационализација.

За збор се јави господин Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре за финансии, почитувани дами и господа. Денес разговараме за еден многу важен закон, Законот за денационализација и очекувам дека и односот на пратениците ќе биде соодветен на важноста и на тежината на законот кој треба да се донесе денес. За мене е многу важен законот за денациона-

лизација од повеќе причини, меѓутоа како најважни би ги спомнал следните.

Прво, заради демократската легитимација на Република Македонија во светот како држава во која владее правото и правна држава од една страна.

Второ, заради правната сигурност која треба да ја обезбеди Република Македонија со донесување на овој закон, што директно или индиректно многу ќе влијае врз странските инвеститори во Република Македонија.

Исто така, значењето на овој закон е огромно и поради самиот факт што со него треба ние како Собрание на Република Македонија, односно нашата држава преку нас да отстрани една голема историска неправда, која на еден процент на граѓаните на Република Македонија им е нанесена во минатото со идеолошките закони, кои се донесувани во системот во кој живеевме претходно. Исто така, важен е, затоа што со овој закон ние треба да обезбедиме граѓаните на Република Македонија да бидат доведени во еднакво правна положба според Уставот на Република Македонија. Меѓутоа, ако се има предвид сето тоа што се случуваше во фазата на јавната расправа по законот и сето тоа што беше изречено на работните тела во Собранието на Република Македонија, очигледна е големата разочараност кај добар дел од заинтересираните субјекти од текстот кој е предложен на законот, кој е многу порестриктивен од претходната Нацрт - верзија на законот за денационализација. Од тие причини се поставува едно многу суштинско прашање дали оваа власт има добра волја и сака да го реши проблемот на денационализацијата во нашата држава и да ги исправи историските неправди или со овој закон ќе направи уште едно потврдување на големата историска неправда која е направена во минатото, затоа што за мене е многу нелогично зошто Владата се одлучи на вакви решенија, а

I/3.-

тука би сакал да полемизирам со неколку клучни опре- делби кои ги изнесе на прес конференцијата претставникот на Владата, почитуваниот министер за финансии околу цените кои треба да се постигнат со овој закон и оттаму го извлекувам заклучокот дека оваа власт која е моментално во Република Македонија, затоа што е преоптоварена со минатото, со сопственото наследство, со континуитетот на поранешната Социјалистичка работничка партија, комунисти, односно Комунистичка партија на Македонија, како резултат на што и го наследи богатството и материјалниот имот на поранешната Комунистичка партија и поради непочитувањето на човековите права не е во состојба едноставно да го реши овој голем и тежок товар за нашата држава, иако и самиот министер за финансии изјави дека со овој закон Владата на Република Македонија се обидува да може до максимум да се врати тоа што може да се врати, за да државата ја кошта многу поевтино од денационализацијата во нашата Република, што како теза е во принцип исправна, меѓутоа ако се земе предвид содржината на законот таа теза воопшто не соодветствува на тоа што е вградено како решение во самиот закон.

Од таму, е очигледен и заклучокот дека со овој закон на некој начин се потврдуваат изневерените темелни определби на АСНОМ каде што уште во 1944 година како едни од темелните определби на тогаш младата и нова македонска држава се зацртани приватната сопстве- ност и претприемништвото и одредбите на Уставот на Република Македонија, посебно членот 8 и членот 30 каде што во членот 8 како една од темелните вредности на Уставот на РМ е дадена правната заштита на сопственоста и во членот 30 на Уставот на Република Македонија во кој поконкретно се зборува за сопственоста, правото на наследување и не- ограничувањето на сопственоста во Република Македонија.

1/4.-

Од тој аспект можам слободно да кажам дека, доколку го донесеме законот ваков како што е предложен, веројатно ќе бидеме соочени со лавина незадоволство и поднесување на иницијативи до Уставниот суд на Република Македонија за преиспитување на уставноста на добар дел од одредбите во законот за денационализацијата.

Мислам дека Владата на Република Македонија многу вешто се обидуваше да го одолговлечи донесувањето на законот за денационализација. Факт е дека Република Македонија е последна држава, убедливо последна држава од сите земји во транзиција која го донесува законот за денационализација сега. Веројатно, доколку Владата беше во можност да ексивира, тоа ќе го направеше и овој пат, меѓутоа сега е доведена во теснец поради условувањата од Светската банка за потпишувањето на договорот за сал аранжманот, неговата втора транша, како што претходно беше условувана, знаете еден од 11-те услови кои беа поставени од Светската банка за добивање на фесак кредитот, беше исто така донесувањето на законот за денационализација. Меѓутоа, мене ме чуди фактот што Меѓународната заедница, односно меѓународните финансиски институции едноставно се помируваат со фактот дека Владата на Република Македонија фактички формално го донесува законо за денационализација колку да ја задоволи формата барана од светските финансиски институции, додека воопшто не сака да навлезе во самата суштина на законот, која не соодветствува со трендовите кои треба да бидат запазени.

Од тој аспект мислам дека овој закон за денационализација не ја заслужува довербата на пратениците на Република Македонија, не само затоа што премногу доцни, туку и затоа што е премногу рестриктивен и селективен, затоа што од вкупниот број на закони и прописи по кои е одземен некогаш имотот на граѓаните на Република Македонија тој број на закони и прописи сега е сведен на една минимална мера, многу

помала отколку што тоа е направено во Чешка, Словачка, Словенија и останатите земји во транзиција, а и доколку се направи една компарација какви законски решенија преземале другите земји во транзиција, може да се донесе заклучок дека нашите стручњаци од Министерството за финансии направиле многу добра компарација и компилација помеѓу законските решенија во другите држави и убедливо ги презеле најлошите, односно најповолните решенија, најрестриктивните решенија за граѓаните на Република Македонија по било кој основ од можните варијанти кои им биле ставени на располагање. Се разбира, тие не се виновни, тоа од нив го барала Владата како предлагач на законот за денационализација.

Исто така, многу е дискутабилен и фактот што со овој закон кој е само еден од законите по кои ќе се враќа некогаш одземената сопственост, тоа би било оправдување за другите земји во транзиција кои далеку пред Македонија донесоа Закон за денационализација, во случајот на Македонија не би требало да биде оправдување. Мој став е дека многу подобро ќе беше доколку со законот за денационализација се направеше обид по сите основи да се враќа сопственоста која била порано одземена, затоа што имаше доволно време да се направи едно такво решение, наместо да се оди на ваков пристап со повеќе законски решенија да се решава проблемот на враќањето на некогаш одземениот имот. Посебно, ако се земе предвид дека треба да се враќа и градежно земјиште кое не е составен дел на овој закон со долго најавуваниот закон за градежно земјиште, кој е многу сложен и обемен закон и многу важен закон и веројатно како таков ќе оди во три фази во Собранието на Република Македонија и прашање е кога тој ќе биде донесен. Нема теорија да биде донесен, дали ќе помине првата фаза до крајот на нашиот мандат, што значи дека тоа како прашање останува да виси и понатаму. Истото се однесува и за дискутабилноста околу враќањето на

одземеното земјоделско земјиште околу експропријацијата, а посебно околу невраќањето на имотот на Македонската православна црква и другите верски заедници во Република Македонија, затоа што според мене нема никакво разумно образложение тие имоти да не бидат третирани и да не бидат составен дел на овој закон за денационализација. Од тие причини мислам дека многу поумно ќе беше доколку се одеше на донесување на еден единствен закон, отколку да се оди на повеќе парцијални закони и да се решаваат работите парче на парче.

Исто така, би сакал да го потенцирам фактот дека тезата ко- ја ја изнесе министерот за финансии и која беше во повеќе наврати презентирана од повеќе видни претставници на Социјалдемократскиот сојуз од страна на претседателот на Собранието во неговото интервју во "Вечер", координаторот на пратеничката група, министерот за финансии, проблемот на денационализација многу скапо ќе ја кошта нашата држава. Јас се согласувам дека проблемот на денационализација вака како што го третира Владата, навистина многу ќе ја кошта нашата држава, затоа што Владата не прави воопшто обид да се врати се што може да се врати, туку прави компромиси и предлага решенија да се плаќа и таму каде што не мора да се плаќа, односно каде што може да се врати. Тоа ќе го аргументирам со следните факти. Најизразит проблем беше проблемот на враќање на некогаш одземените, односно национализирани станови во Република Македонија. Користејќи го тој аргумент и играјќи на картата на следните парламентарни избори на Република Македонија, СДСМ се одлучи на форсирање на популистички методи со нудење на погрешни информации, односно дезинформации во јавноста во врска со цената на чинење на денационализацијата во Република Македонија, па беа пуштени во игра шпекулации дека таа ќе чини 19,5 милијарди долари, за да на крајот се сведе на една милијарда долари, што е прашање дали е и тој показател точен, посебно ако се има предвид фактот дека Владата на Република Македонија никогаш не ги

објави податоците од анкетата која беше направена пред една или една ипол година во Република Македонија на која сите поранешни сопственици треба да ги пријават своите побарувања од државата. Исто така, ако се има предвид фактот дека законот за денационализација се донесува многу доцна по законот за приватизација, односно по скоро веќе довршување на приватизацијата во Република Македонија и поради доцнењето што значи дека додека ние го донесеме законот за градежно земјиште, добар дел и од неизграденото градежно земјиште може да биде веќе узурпирано, односно на него да се изградат објекти и да не биде предмет на враќање, туку да биде предмет на плаќање. Доаѓаме до констатација дека Владата на Република Македонија има многу погрешен пристап во решавањето на ова прашање. Дали ова го прави свесно, несвесно со одредени намери, штитејќи интереси на некои поединци или не, не ми е јасно, меѓутоа, факт е дека вака како што се поставени работите, навистина, Република Македонија денационализацијата ќе ја кошта многу поскапо.

Фактот дека во врска со становите беа објавени многу шпекулативни информации, дека наводно, прво, беше објавена бројка од 2.700 станови, па потоа 2.400 станови, за на крајот да дојдеме до вистинската бројка од 176 станови во Република Македонија, кои треба да се враќаат, од кои мислам дека 71 се во Скопје.

Во Нацрт - верзијата на законот не беше дадено такво решение кое е сега дадено. Исто така и во работната верзија која е по- мината на Владата во месец февруари, исто така на Владата не било поминато вакво решение. Веројатно, во меѓувреме некоја силна лоби група успеала да влијае толку многу врз Владата, за да Владата се одлучи на вакво решение кое многу поскапо ќе ја чини Владата на Република Македонија давајќи некои смешни образложенија дека не може да се прави сега некоја друга неправда спрема тие што живеат во некогаш

1/8.-

национализираните станови и давајќи смешно образложение дека тие граѓани, односно овие што сега треба да ги добијат назад некогаш одземените сопствени станови, не треба толку да инсистираат, за- тоа што ги користеле благодетите на минатиот систем во кој имале бесплатно образование, здравство и тн. Па, бесплатно здравство и образование имаа сите граѓани на Република Македонија и прашање е дали и тоа беше бесплатно. Беше бесплатно, затоа што на сите им беше издвојувано 1% од платата, за да се полнат тие фондови за здравство, за пензиско осигурување и за образование, за да може да изгледа дека имаме бесплатно здравство, образование и тн., што апсолутно мислам дека е смешен аргумент, Дојдовме во ситуација Владата да ги исконфронтира двете здруженија на граѓани. Едното кое се залага за враќање на некогаш одземените станови. Другото здружение кое е засегнато меѓутоа Владата доколку сакаше да најде вистинско решение тоа можеше да го направи многу елегантно досега, посебно ако се имаа предвид сите афери кои во минатото се случуваа со државните станови. Последната афера е со доделувањето на над 60 станови на претставници на Владата, за жал, и на пратеници кои седат во ова Собрание, на еден дел новинари и високи службеници во државната администрација за многу евтини и багателни цени, како што не можеа тоа да го направат другите обични смртници во Република Македонија. Да не ја спомнувам претходната афера за давањето на становите на таканаречените заслужни граѓани на Република Македонија, кои исто така, имаа можност да ги купат по многу привилегирани услови. Што значи заклучокот е, доколку Владата сакаше и имаше добра волја да го реши проблемот на становите, никој од тие што сега живеат во национализирани станови немаше да остане на улица, ниту да биде социјален случај, туку Владата ќе ги сместеше во овие станови што сега си ги додели на своите лојални пратеници, министри или државни чиновници за многу евтини суми на пари. Тука нема никакво друго

логично образложение. Мојот став е дека Владата на Република Македонија треба да направи обид да се врати на претходното решение, становите да се вратат на поранешните сопственици, меѓутоа, не на штета на тие што сега живеат во национализираните станови, туку да најде соодветно решение и на сите тие кои би се ставиле во позиција да немаат услови за живеење, да им го реши на најдобар можен начин нивниот станбен проблем. А, не да измислува некои категории, како што е категоријата корисник на стан кој според Уставот на Република Македонија, воопшто не постои.

Да завршам, во име на пратеничката група на Либерално-демократската партија предлагаме заклучок според кој ги молиме пратениците во Собранието на Република Македонија пред преминувањето на амандманската расправа да донесат заклучок со кој овој закон ќе го оценат како неуставен, лошо изработен и ќе го вратат на повторна доработка во Владата на Република Македонија, да за може во меѓувреме Владата на Република Македонија, имајќи ги предвид сите аргументи и факти кои ќе бидат изнесени, а беа веќе изнесени на пленарната седница на Собранието, во работните тела на Собранието и во јавната расправа, да ги вгради во текстот и пред Собранието на Република Македонија да излезе со поиздржан текст на закон за денационализација, кој би бил навистина праведно и објективно решение за проблемот на денационализација во Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитуван претседател, почитуван министер, почитувани пратеници, пред половина век кога во слободниот дел на Македонија се удираа темелите на социјализмот, на многу селани, села, граѓани и на Македонската православна црква им беа нанесени големи неправди. Тогаш за потребите на државата и нејзините планови и визии за изградба на социјализмот им беа одземени нивните имоти, што нивните корени со пот и крв ги печалеле низ Македонија или низ печалбарските земји на Америка, Австралија и Европа, а Македонската православна црква, духовниот, просветниот и културниот водач на македонците низ сите векови го добиваше од своите верници како подарок за здравје и среќа, го купуваше со црквени пари или беше подарен како имот купен од верниците за неа и нејзината благородна мисија во Македонија.

Со законите за аграрната реформа, Законот за национализација и Законот за земјишниот максимум, потоа проклетите експропријации и арондации на селаните, граѓаните и Македонската православна црква им беа одземени земјоделското земјиште, утрините, шумите, стадата со овци, говеда, крави, кози, суриите од кок>и, селските утрини, куќи, дуќани, злато и сребро и се што им се бендиса на творците на тој систем и бригадите од нивните извршители. Како што се најдоа селаните и граѓаните на ударите за одземање на нивните имоти, ги преживееја тие неправди, болки и трауми знаат само тие што преку ноќ од доброимотни селани и граѓани станаа бедници, маченици на системот што се градеше со нивните имоти. Многумина од нив брзо по овие грабежи умреа. Другите маченици од овие зулуми умираа на рати, исто како што тоа денес се случува со штедачите на "ТАТ".

II/2.-

Денес половина век по овој грабеж на имотите има малку живи селани или граѓани што беа зафатени од грабачката бура. За жал, не доживеаа по половина век нивните имоти да видат дека ќе се најде дека ќе им ги врати.

Господа пратеници и министре, денес по 50 и толку години по почетокот на големите неправди, што меѓу селаните и граѓаните и Македонската православна црква се вршеа десетина години, треба да донесеме закон со кој ќе почнат да се исправаат тие неправди. Денес како пратеници избрани од народот треба да донесеме закон за враќање на одземените имоти и како така да се ублажат болките и траумите на нивните сопственици и наследници. По Уставот што го донесе првиот Парламент, според мене, овој закон ќе биде најзначаен закон меѓу сите досега донесени закони. Мислам дека се знае зошто. Затоа што со овој закон во правната држава што ја градиме правдата мора да ги победи сите други неправди. Колку со овој понуден закон ќе се успее во тоа и колку тој ќе биде мелем за лечеше на раните од грабнатите имоти ќе времето. Селаните што настрадаа од законите за изградба на стариот систем и нивните наследници, како што реков, со душа го очекуваат овој закон. Пред малку реков дека по Уставот, Законот за денационализација е најзначаен закон меѓу законите што се донесени досега за изградба на новиот систем. Со него треба да почне исправање на неправдите што на селаните и граѓаните им беа нанесени со присилните закони во областа на нивното имотно право. Она што во текот на трите најтешки години за селаните и граѓаните, 1946, 1948 и 1965 година од приватно стана државно, со овој закон одземените имоти за државата треба пак да бидат приватни, треба да им се вратат во сопственост на тие што некогаш ги поседуваа. Грабнатите имоти со било кој закон од стариот систем не треба и не смеат да бидат имоти со кои ќе газдуваат

газдите што ги раѓа сегашната приватизација. Господа, доста им беа такви газди на македонците во овој и во другите векови.

Почитувани пратеници, во двете одамна завршени расправи за законот за денационализација ни беа понудени два различни модели за овој начелен закон. Денес пред нас се наоѓа трет модел. Кој од нив беше подобар и поправеден за ограбените граѓани и селани, не знам. Одговорот на ова прашање се обиде да го даде во своето образложение д-р Таки Фити, министер за финансии во Владата на РМ и јас на овој план денес нема да дискутирам. Наместо тоа, сакам да кажам дека на Владата на Република Македонија ова тешко време низ кое минува нашава држава најде храброст да ги исправува неправдите на селаните и граѓаните што им ги правеа, како што реков, мајсторите на поранешниот социјализам. Во услови кога на вратот на нашава држава висат тешки мили јарди долари наследени долгови од стариот систем, милијарда долари долгови кон штедачите чии пари им ги украде стариот систем, огромна невработеност, затворени фабрики од затворените пазари во поранешните ЈУ Републики, сиромаштија со тапија во цела држава, навистина е храброст да е влезе во решавање на овој проблем. За враќање на одземените имоти или пак плаќање на тие имоти во пари, Законот за враќаше на одземените имоти со присилните закони за некои селани и граѓани што изгореа од огновите на овие закони е прифатлив , а за некои е неприфатлив. Сакале или не, без разлика на состојбите во кои се наоѓаме овој закон треба да го донесеме. Одземените имоти мора да им се вратат на нивните сопственици или наследници. Зборот ми беше, Законот за денационализација денес мора да се донесе, а колку тој ќе биде правеичен ќе покаже времето. Ако не чини, ќе се изменува или дополнува, важно е соништата за враќање на одземените имоти полека треба да почнат да станувaат стварност меѓу селаните и граѓаните што

настрадаат со тие присилни закони.

Како пратеник од шеесетина села од Битолскиот дел на Пелагонија, во чии средини настанаа многу селани со законите за одземање на нивните имоти, моите забелешки по Предлог законот за денационализација се однесуваат на делот од понудениот закон во кој се наоѓа регулативата за враќање на селските имоти, на земјоделското земјиште, утрините, пасиштата, шумите, на враќањето на одземените стада со овци, сурии говеда, коњи и кози. Се надевам дека по донесувањето на овој закон Владата ќе понуди и закон за враќање на црквените имоти, црквеното да биде пак црквено. Владата вети таков закон и Црквата и нејзините верници го очекуваат неговото брзо донесување. Црквените имоти мислам дека не треба и натаму да бидат под капа на државата. Ако државата сака да си прави свои церемонии во црквените имоти, нека си гради такви сопствени имоти.

Мојата прва забелешка на понудениот закон за враќање на одземените имоти се однесува на член 11, во кој се вели дека право да поднесе барање за денационализација има поранешниот сопственик или неговите наследници од прв наследен ред, односно би рекол нивните синови и ќерки. Мислам дека оваа работа не бива. Господо, ако се знае вистината дека денес нема живи сопственици на одземените имоти, а ретки се и наследниците од прв наследен ред, тогаш овој закон мислам дека и не треба да се донесува. Зошто ни е, на кого ќе им се враќаат одземените имоти со воведување на еден ваков член во законот? Оваа неправда треба да се исправи, а ќе се исправи ако се дозволи тоа право да го користат сите наследници на тие грабнати имоти, не само оние од прв наследен ред, како што реков тие се ретки, ги нема меѓу живите. Еве еден пример.

II/5.-

На мојот дедо по мајка во Гнатино му е одземен огромен имот. Тој и баба ми се одамна починати. Починаа и нивните ќерки. Сега со овој член што се нуди во законот за правото на наследство јас и другите внуци немаме право да бараме враќање на она што се грабна од дедо ми и со тој имот и натаму ќе газдува државата или закупецот на кого државата ќе му го даде да го користи.

Господо, јас и г-динот Јане Ангеловски поднесовме амандман за исправање на оваа неправда. Се надевам дека ќе не поддржите и ќе гласате за тој амандман, со што како што реков ќе се брише таа нерпавда.

Инаку, исправањето на селските неправди, што на селаните им беа нанесени со законите за одземање на нивните имоти е понудено во член 22 од овој закон. Веднаш да кажам дека со овој член се пред- лага враќање на сопственост на одземеното земјоделско земјиште, пасишта, утрини и селски шуми. Предлогот е добар. Нашиве селани по педесет и толку години овие имоти ќе си ги вратат во нивна сопственост или сопственост на селата. Станува збор аз пасиштата и утрините на села та. Законот за денационализација ќе ги направи побогати за стотина илјади хектари ораници , утрини, шуми и пасишта. Толку земјоделски имот треба да им се вратат или платат на напатените селани. Меѓутоа, во став 2 од овој член ова право на правда некако станува матно. Имено, ако овие имоти се во состав на задружни, комбинатски или шумски комплекси, нивните сопственици се предлага да станат косопственици со државата.Не, господо, на селаните не им треба таква дружба со државата. Селаните велат дека "Од државна чешма вода не се пие".

Токму затоа предлагам земјоделските имоти што се во состав на таквите комплекси односно блокови да се враќаат исто така како што беа одземни од селаните за изградба на тие комплекси. Комплексите

нема да се растурат ако земјата или шумата на селаните им се враќа на периферијата на тие комплекси или нека се трампа со државната земја што не е организирана во такви блокови и комплекси. Мислам дека земјата што се наоѓа во комплексите, а треба да им се врати на селаните, ќе биде повод за разни расправи меѓу селаните, задругите и комбинатите што денес ја користат под закуп со државата. Затоа, селанецот наместо да стане косопственик со државата ќе се расправа со корисниците на нејзината земја околу начинот на користењето на вратената земја, добро ќе биде ако таа земја се замени со државна земја, се разбира според правилата што ги има запишано во Законот за арондација

Инаку, во расправата околу прашањето како селаните ќе си ја земат својата земја што се наоѓа во стопанските комплекси, бранителите на овој Предлог закон изразија големо жалење дека ако дојде до тоа македонското земјоделство ќе се најде во многу тешка состојба, дури се зборуваше дека ќе немаме храна и Македонија ќе ја снајде судбината на Бугарија, која откако ги растури ваквите државни комплекси нејзините полиња со храна останаа напуштени и не орани и денес Бугариј наводно, трпи за храна. Господо, мислам дека ваквите тези не се ништо друго освен задржување на некои социјалистички елементи во државното земјоделство и недоверба во селаните дека, ако си гоповратат одземеното земјоделско земјиште што е во состав на тие комплекси, тој имот ќе остане необработен и Македонија ќе биде гладна. Значи, ако не се комбинатите, за Македонија нема храна. А знаеме денес во самостојна Македонија колку комбинати произведуваат храна. Сега засега само комбинатот "Пелагонија". Господо, никој не се сомнева во улогата на земјоделските комбинати во борбата за повеќе храна, ниту некој од нас бара нивно растурање и отпуштање на илјадници наши земјоделски работници од работа. Меѓутоа, мора да признаеме дека

II/7.-

покрај за комбинатите, државата мора да води еднаква грижа и за своите селани, за приватните земјоделци кои беа и натаму бе бидат диреци на кои се потпира слободниот дел на Македонија. И сега се диреци. Нивниот придонесе за нејзиното создавање, господо, не треба да се заборави. Не треба да се заборават фактите дека во војната на Македонија, зборувам за последната војна, над 75% од борците беа селани, а и сите востанија беа исполнети со селани. Тие и борците граѓани се хранеа од фурните, амбарите и стадата на селаните. Тогаш немаше ни комбинати ни задруги. Беа само селаните. Што ќе беше, господо, со истерувањето на окупаторот од нашава земја, ако не беа нашиве селани. Селаните денес не бараат признание за оваа патриотска должност кон својата татковина. Денес кога во овој дел на Македонија се гради нов државен систем бараат да им се врати тоа што пред половина век им беше одземено со ќотек и гниење по градските зандани , затоа што наводно им беше многу.

Со Законот за аграрната реформа, дел од земјата што се одземаше од селаните им се доделуваше на други селани што немаа земја, на безземјашите и на сиромашните селани. Во образложението на Предлог законот за денационализација нема податоци за тоа колку хектари земја им се одземени и доделени на другите селани и колкав е нивниот број. Што ќе биде со селаните што добија земја со помош на Аграрниот закон? Ќе им се зема и ќе им се враќа на старите сопственици? Јас мислам дека со тоа ќе се направи и нова денационализација, и нова неправда кон тие селани.

Понатаму, во Предлог законот за денационализација не е понудено решение за арондациите на земјоделското земјиште на селани- те со земјоделското земјиште што беше одземено со Законот за аграрна реформа и подарено на задругите и комбинатите од листата на фондовото земјиште. Со оглед на тоа што тоа земјиште е надвор од

нивните комплекси, сега со овој закон треба да им се врати на поранешните сопственици. Каква ќе биде судбината на селаните чие земјиште беше аронодирано со таквото земјоделско земјиште, како ќе им се враќа нивната земја што со ваквата арондација е влезена во тие комплекси, за кои како што рековме нема да се растураат. Предлагам таа земја исто така да се враќа. Во спротивно, ќе се создадат тешки имотно-правни проблеми или многу земјоделци ќе останат без земја и сиромашна егзистенција од земјата.

Понатаму, со Предлог законот за денационализација се пред- лага и враќање на утрините, би рекол на душите и срцата на селата и на селаните. На селското земјиште преку кое се развиваше сточарството на нашиве села,утрините како што е познато беа заеднички имоти на селата. Тие од агите и беговите се купуваа со задружни пари на селаните. Меѓутоа, кога стариот систем ги спроведуваше реперкусиите за уништување на селото, преку ноќ им ги грабна и нивните утрини.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ**: (продолжение)

Селските отпори против овие неправди беа задупувани со тепаше и затворање на селаните. Господо селаните од Будаково, Горно Српци, Беранци, Мешареица и многу други битолски села никогаш нема да ги забораваат зулумите од тогашните власти на овој план. Инаку, со разорување на утрините добитокот отиде на кланица, а селаните во градот или преку океанот. Утрините, така се вели во овој Закон се враќаат на сопствениците, се мисли на селата. Како селски пратеник предлагам враќањето на утрините да се изврши веднаш по влегувањето во сила на овој закон, да не се чека. Штом ќе се собере родот од нив да се предадат во владение на селата на кои им припаѓаат. Тоа треба да се стори и со селските шуми и шумите што се подигнати на селските пасишта како пошумување.

По три ипол децении од нивното подигање, до кога ќе трае забраната за напасување на добитокот, а тревата ќе пропаѓа и ќе биде извор на разни пожари. Господо, новите шуми што се подигнати на селските и приватните пасишта време е покрај тоа што се зелени добра за нашите подрачја да бидат ставени во служба за повеќе храна. Доста беше со уништување на добиточниот фонд во средините каде што се подигаа тие шуми. До кога сточарите од битолско, Ротино не ќе можат да влегуваат во новата шума што пред три децении е подигната на 1200 хектари нивни пасишта. Новите шуми не можат да бидат загрозени од доби- токот, туку покрај добитокот навистина ќе даваат повеќе храна.

На селаните земјоделското земјиште им беше одземено во два наврати. Еднаш со Законот за аграрна реформа, 1946 год, и по втор пат, 1965 година со Законот за аграрниот максимум, со кој беше извршено ограничување на големината на селските имоти. Селаните заради тотално уништување на некои капиталистички елементи во нивните редови не смееја да имаат повеќе од 10 хектари земја. Вишокот им се

одземаше во корист на државата и се доделуваше на задругите и стопанствата, тогаш не постоеја комбинати. За разлика од Законот за аграрната реформа кога земјата се одземаше без надоместок , земјата што се одземаше со Законот за аграрниот максимум беше предвиден надоместок кој се движеше од 300 до 1000 динари за еден хектар односно надоместок во висина од едногодишен бериќет за одземената земја. И нешто друго. Овој надоместок се исплаќаше во рати во време од десетина го- дини. Тие што со сила го прифатија, го прифатија старите и изнемоштени селани кои што со едногодишната рата од овој смешен надоместок не можеа да си купат ни едно рало опинци, ни една вреќа пченка за прехрана. Така мајсторите на социјализмот се играа и со имотите на граѓаните што се нашле на стихијата за денационализација. И тие имоти се земени пошто зошто и исплатувани со резилни надоместоци. Страдалниците што останаа без своите имоти и егзистенција примаа надоместок колку за лебот. Мислам дека членот 7 и 8, во кој се вели дека предмет за денационализација не е имотот за кој е определен и примен надоместок, треба да се укини и тие имоти да се вратат на селаните и граѓаните. Без враќање на примениот надоместок, бидејќи во изминатиот период државата зеде сто пати корист од тие имоти од тоа што го даде како надомест за тие одземени имоти. И на овој член јас имам амандман за кој се надевам дека господата ќе го прифати.

На крајот нешто и за враќањето на конфискуваните имоти што во овој закон е заборавено да се внесе.

Како што се вели во понудениот закон некои од конфискуваните имоти се враќаат на сопствениците а некои не се враќаат. Според мене зачудува фактот како во овој Закон е изоставено враќањето на конфискуваните имоти на селаните кои во 1953 година беа на чело на селските буни за растурање на селанските задруги. Нивните водачи, како што е познато беа осудувани на тешка робија од по десетина години, а заради

загрозување на системот конфискувано им е сето земјоделско земјиите во корист на државата. Вакви случаи имавме во две три битолски села, во Новаци и во Могила. Прашувам зошто овие имоти не се враќаат на нивните сопственици ако се знае дека тогашните власти ја признаа грешката за колективизацијата на селото и по извесно време сами ги растурија селанските работни задруги.

Господо на овие селани не само тоа што треба да им се вратат одземените имоти, туку треба да ги прогласиме и како херои за тоа лошо време. Се надевам дека со овој закон ќе се исправи и оваа неправда.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Ризван Сулејмани

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани пратеници,

Денес пред нас имаме еден многу значаен закон, тоа е законот за денационализација. Закон со кој ќе се прават напори да се исправи една историска грешка пред луѓето кои на многу начини и многу сегменти од животот беа оштетени. Денеска со овој закон ние сакаме на некој начин само еден сегмент од нивното онеправдување да го поправиме. Тоа е да правиме напори да им се врати имотот на тие што им е одземен присилно. Искрено да ви кажам, уште кога се зборуваше дека ќе се носи еден ваков закон , јас не верувам и ден денес не верувам дека оваа Влада и оваа држава ќе најде сили и снага дефинитивно да реши одредени неправилности. Искрено да ви кажам уште тогаш укажував на луѓето кои ми се обраќаа како ќе изгледа законот. Ги имав предвид околностите во ко живее РМ, економската ситуација на некој начин што ја кажа и министерот. Но, искрено да ви кажам не се надевав дека токму вака ќе изгледа овој закон, затоа што главна цел на овој закон била

првенствено лимитираше, оневозможување до крај обештетување на ограбените граѓани а за жалост има дел и од квалификациите. Кога го велам ова имам предвид дека оваа држава имаше шанса да направи нешто повеќе за да ги обештети луѓето. Што беше тоа што можеше да ги обесштети. Првичните проценки на обештетениот имот во 1991 година, се оценуваше на 12 мили- јарди долари. Тој општествен имот денеска некој велат дека е паднат на 4,5 милијади или 3,5 милијарди долари. Тоа беше една голема шанса преку законот за приватизација на општествениот капитал да се најде начин да се обештетат тие граѓани. Таа шанса се испушти. Денес ние сме соочени со овие проблеми со кои реално постоја. Република Македонија нема финансиски можности, но оваа РМ и оваа Влада и овој Парламент најдоа сили одредени сегменти од државата да ги обештетат кога беа тие оштетени. Така беше со ситуацијата на заробените девизи иако таа сума изнесуваше близу милијарда долари. Државата зеде обврска на тие граѓани да им ги врати парите без оглед кога и како. Но обврска остана на државата тие милијарди германски марки да им се вратат на граѓаните. Дури оваа држава и оваа Влада имаше сили и за една промашена штедилница да одвои 40 милиони долари за да може да ги обештети иако не се категорија како овие од национализацијата, да најде начин на тие луѓе да им излезе во пресрет. И денеска кога 12, 5 милијарди долари општествен капитал се приватизира, кога земавме обврска како држава да врати милијарда долари или милијарда марки немаме сили да се оправдуваме со тоа дека немаме доволно средства за да можеме да ги обештетиме сите тие однапред оштетени.

Господа пратеници ова е само еден сегмент на тие луѓе за многу голема казна за создавање на т.н. СРМ. Тие само во еден сегмент беа материјално оштетени. Но тие не само што беа материјално, туку беа и духовно оштетени. Над нив секогаш бдееше диктатурата на пролетеријатот. Тоа ниту имаме шанси, ниту некој бара да им се обештети, никој не може да им го врати, но она што требаше да се направи, мислам

дека требаше да се направат напори одредени лимити кои се поставуваат со Законот, барем тие да се избегнат. Што е целта на предлагачот кога вели дека право на наследство има само прво наследно колено. Што е целта на предлагачот кога вели дека член 6 став 3 не е предмет на денационализација затоа што бившата СФРЈ 1956 година, потпишала некој си меѓудржавен договор со Република Турција за да луѓето кои одат од тука се обештетат. Јас, искрено да ви кажам тој договор не сум го видел, но многу јасно е на секој од нас што значеше тој договор. Тој договор не беше ништо друго туку политички договор кој што бараше етничко чистење на овие простори од албанците и турците. Јас знам цели села кои буквално го оставија земјиштето под огромниот притисок кој тогаш се вршеше со познатиот министер за внатрешни работи на Југославија и сите тие со некој договор ние рековме да ги обештетиме. Не господо, јас на директен или индиректен начин, можеби директно сум запознат со тоа и знам дека никој ништо не добил. Ние и денеска со овој закон викаме дека тие не се предмет на денационализација. Дали тоа значи дека една таква политичка одлука ќе оправдуваме? Дали тоа значи дека тоа дело, етничко чистење на овие простори ќе го легитимираме. Мислам дека оваа работа не требаше и не смееше оваа Влада да ја предложи.

Се кажува дека предмет на денационализација не се ни подароците. Во тие 50-ти години, 1956-1957 година огромно пространство земјоделско земјиште, пасишта и се се остави како подарок на државата не дека тие навистина сакаа тоа да го направат, туку затоа што тие мораа да го прават. Затоа што им беше кажано дека со присила на Законот тие треба државјанството на СФРЈ односно на Македонија тогаш да ја напуштат, но мора претходно да ги расчистат сите имотно- правни односи. И нема друг излез освен тој имот да го препишат како подарок

на државата. За тоа се доказ многуте села од источна Македонија, за тоа се доказ и денешните села околу Скопје на чии имоти денеска функционираат, работат земјоделски задруги. Мислам дека навистина ова не требаше да се направи. Тој дел, за кој ние сите знаеме, тој дел, тој имот навистина тие не го оставија со драга волја. Тие мора тоа да го направат под репресијата која се вршеше во тоа време. И на секој нас ни е јасно тоа дека така беше, затоа што и таа Влада, Југословенска тогаш оцени дека навистина е направена грешка со сменувањето на тогашниот министер за внатрешни работи Ранковиќ. И денеска ние како да се солидизораме со тоа. Како да го легитимираме тоа дека тоа било праведно.. Мислам дека со овој закон тоа не требаше да биде предмет на расправа. Овие и слични пропусти, навистина не ми даваат јас денеска да го погрешам овој закон, иако свесен сум дека еден закон требаше да се донесе. Иако сум свесен дека овој Закон ќе направи напори колку толку да се обештетат, но нема да направи доволно или ќе се обиде да се направи нешто повеќе со овој закон. Имаше шанса, имаше можност да се направи нешто повеќе. Да не збор ваме за градежното земјиште и за експроприраното земјиште. Кое градежно земјиште во име на експропријација за одредени цели беше одземено без пари. Јас овде можам да поднесам комплетна документација и да ви кажам за колку пари тоа беше земено, а колку беше реалната пазар на цена во тоа време на тоа градежно земјиште. Во Сарај и околните места во Скопје. Се вели дека тоа ќе се решава со законот за градежно земјиште. Јас просто се сомневам дека навистина тоа ќе можеме да го направиме со тој закон, затоа што тој закон подолго време се подготвува и никако да дојде на дневен ред, поради истите и слични причини за кои не може да дојде на дневен ред и Законот за денационализација. Постојаната закана дека ова мора да го направиме затоа што ММФ или други слични институции финансиски не условуваат со донесувањето

на законот не е доволен аргумент ние да донесеме било каков закон, закон кој не ќе може да се спроведува, закон кој што не ќе може да ја постигне основната цел и закон кој што на крајот ќе мора некој и да го смени.

Господа пратеници ова знам дека ништо нема да промени, но не можам а да не го кажам ова поради историски причини. Како што ние денес ги осудуваме поранешните генерации поради направените грешки, истото ќе го направат за нас и другите. Затоа ова го велам за да некој некогаш кога ќе прелиста во работата во ова Собрание да каже дека имало и поинакво размислување од мнозинското размислување во овој Парламент.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Вејсели.

**АБДУЈЛАЛИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Јас како пратеник ќе се обидам да ги дадам моите забелешки што се однесуваат по предлогот за донесување на законот за денационализација, иако мислам дека моите забелешки па и забелешките на другите пратеници нема да дадат којзнае какви резултати, бидејќи се знае под кои околности се носи еден ваков закон. Закон кој е усвоен, ако ништо друго од страна на Европа и тн. Значи, во денешната расправа го имаме повторно на дневен ред овој предлог, кој е многу чувствително прашање, кој секако е едно пресудно значајно за извесен број граѓани на РМ. Според изнесеното досега од страна на некои пратеници на оваа говорница, а и според реагирањето на јавноста, пред се на заинтересираните страни овој предлог на закон за денационализација после нашите изнесени забелешки во претходната расправа во ова Собрание требаше да се консолидира и унапредува во добробит на граѓаните односно на оштетените граѓани на кои присилно им е одземен имотот.

III / 8

Очигледно е дека наместо да се поправи таа неправда, како што се претендира со донесувањето на овој закон, тој треба да има демократски примеси ќе се случува обратното. Сега имаме еден поретрограден и порестриктивен предлог на закон ви за ви првата варијанта.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЉИ:** (продолжение)

Дали овој предлог на закон ќе ги исполнува основните критериуми и стандарди, односно дали ќе биде усвоен како таков со авансирани претпоставки или ќе се усвои со сите слабости и недоречености вперени против интересите на оштетените граѓани кои во старт беа охрабрени дека на крај, сепак, ќе ги стигне правдата.

Односно, дали тие истите граѓани ќе ги обесхрабриме дека од овој закон нема да произлезе ништо што би можело да биде во нивна корист. Да потврдиме дека се манипулирани и дека ќе им нанесеме уште една дефинитивна неправда, што верувам дека е неприфатливо за тие оштетени граѓани, па и за граѓаните на Република Македонија.

Во секој случај не можеме, притоа, да ја одбегнеме одговорноста за тоа каков закон ќе донесеме, ако не сме сигурни во правните гаранции што треба да ги обезбеди овој закон во полза на оштетените граѓани на кои присилно им е одземен имотот.

Дали ќе придонесеме оваа наелектризирана атмосфера околу донесувањето на законот да ја вжештиме уште повеќе со нашите погрешни потези што би биле спротивни со моралните и цивилизациските норми и односи?

али законот за денационализација, ако не го исполнува основниот критериум што подразбира правно обезбедување на приватните сопственици и остварување на правото за наследување ќе може да се протолкува како против уставна категорија?

Дали ќе се обезбеди еднаквост на граѓаните, што е исто така уставна претпоставка?

Ако ги делиме по тоа дали ќе им биде вратен имотот или не, дал правото на враќање ќе го остварат по Законот за трансфери или дали биле сопственици на градежен објект или градежно земјиште?

Ако сите тие недоречености се преточат во закон и практично се применат, навистина тоа ќе претставува озаконување на неправдата кон граѓаните.

Според мене, па и според ова што го кажав заклучокот би бил: враќање на Предлог - законот за повторна доработка, каде ќе се доградат конструктивните забелешки произлезени од денешнава расправа на денешнава седница. Притоа ќе треба да се користат позитивните примени од меѓународното искуство во оваа област, пред од земјите во транзиција. Имаме многу примери со Чешка, Словачка, Хрватска, но со соодветно прилагодување кон нашите специфични услови, како би се одбегнале можните неправди.

Во текот на зацртаната процедура одредени пратеници беа преплавени од поплаки и забелешки од страна на граѓаните што е своевиден притисок кон нив да придонесат во донесување на еден правичен и квалитетен закон. Јас само еден пример, би го зел членот 23 според кој, цитирам " станбени згради и станови во кои живеат носители на право на користење, не се враќаат во сопственост на поранешните сопственици". Тоа значи дека становите остануваат државни што како определба создава две дијаметрално спротивни спротивставени категории на граѓани. Тие наизменично можат да бидат обесправени.

По се изгледа, во случајот на становите прифатена е варијантата која од две зла избира побезболно, во моментов, иако правдата треба да биде на страна на бившите сопственици. Посебна огорченост, јас ова морам да го кажам денеска, од страна на граѓаните има околу овој закон, кога е во прашање имотот на верските заедници, а јас посебно би рекол за имотот на Исламската верска заедница, поради тоа што со овој закон не им се враќа одземениот имот. Мислам дека е тоа доста голем имот.

Ваквиот став се образложува со специфичноста на материјата што ќе треба да се уреди со посебен закон. Но, тука се поставува прашањето дали ќе се донесе друг специфичен закон и кога ќе се донесе тој закон? За кое бараме одговор.

Па на крајот, се наметнува прашањето дали овој закон ќе обезбеди и во која мерка ќе обезбеди правна сигурност на граѓаните, како граѓани со исти права, без разлика на нивната националност и друга припадност. Мислам дека тоа право државата ќе мора да им го гарантира на сите граѓани, бивши и сегашни сопственици, како и на нивните законски наследници.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Митевски има збор.

**ДРАГАН МИТЕВСКИ:**

Господине претседателе, господине министре, дами и господа пратеници,

Во дискусииве што се водат во последно време во врска со Предлогот на законот за денационализација, како тука во Собранието така и надвор од него , во круговите на опозицијата и во здружението за заштита на интересите на сопствениците на одземените имоти, се лансира тезата законот да не се донесе на оваа седница на Собранието, туку да се врати на доработка на Владата, тезите дека законот треба да го донесе не овој туку некој друг состав на Собранието, односно дека тој треба да се донесе по изборите на есен.

Веднаш сакам да изјавам дека таквите тенденции и настојувања не ги поддржувам. Сметам дека законот за денационализација треба да го донесе овој состав на Собранието и на оваа седница без никакво одлагање, бидејќи тој и го започна.

Овој мој став е заснован на сознанието дека од поднесување на Предлогот за донесување на законот за денационализација во 1995 година па до денеска помина доста долг временски период во кој заинтересираните страни имаа можност да ги артикулираат своите интереси и изградат и изнесат своите ставови.

Сопствениците на одземените имоти уште во 1995 година формираа свое Здружение кое од формирањето па се до денеска е извонредно активно. На своите состаноци, на многубројните прес - конференции, на јавните трибини што по повод овој закон тие ги организираа, преку многубројните соопштенија и усвоените декларации и слично го искажаа својот интерес.

Сублимирано искажан тој интерес од почетокот па се до денес гласи:" на сите нив да им се врати се што им било одземено, независно во кое време и по кој основ тоа било одземено. Ако пак имотот не постои, да им се исплати пресметаната вредност на тој имот, па дури и да им се исплати надомест за обична штета или изгубена добивка". Сето тоа, дами и господа, да се стори во што покус временски период, односно веднаш по донесувањето на законот.

Тргнувајќи од така формираниот став Здружението за заштита на интересите на сопствениците на одземените имоти заземаше негативен став спрема сите досега дадени предлози за решавање на овој проблем, содржани како во Предлогот за донесување на законот, така и во Нацртот на законот и сега во Предлогот на законот. Тие, од почетокот па се до денес опстојуваат на тврдењата дека со овој закон ништо не се враќа, дека ова е закон за нова национализација односно дека овој закон не е закон за враќање, туку закон за невраќање на одземените имоти.

За жал, дами и господа пратеници партиите од опозицијата, како и многу пати до сега, така и во врска со овој закон настојуваа да ја искористат ситуацијата за своите партиски цели. Тие, и овој пат,

интересите на своите партии ги ставаат над интересите на државата, подгревајќи го незадоволството кај бившите сопственици на одземените имоти, а во прво време, односно во времето кога на сите можни начини сакаа да ги придобијат граѓаните за предвремени избори, тие, меѓу нив ја пласираат тезата дека оваа Влада и мнозинството што ја поддржува не сака да го донесе Законот за денационализација. Бидејќи тие, во суштина, се против денационализацијата. Во последно време пак тие прават радикален пресврт, пласирајќи ја тезата дека донесувањето на Законот за денационализација треба да се одложи односно дека него треба да го донесе Собранието по есенските избори. Пораката на таа теза е јасна, а тоа е дека на есенските избори опозицијата ќе обезбеди апсолутно мнозинство во Собранието и ќе состави Влада што ќе ги задоволи сите барања на бившите сопственици на одземените имоти. Значи, гласајте за нас, ние ќе ви ги исполниме сите ваши барања и желби.

Меѓутоа, дами и господа пратеници, во печатот и другите медиуми во последно време почна да се јавуваат граѓани кои се поотворено се спротивставуваат на нереалните барања на бившите сопственици на одземените имоти и да ги поддржуваат решенијата дадени во Предлогот на законот за денационализација и да бараат законот да се донесе што побргу.

Од таквите се позачестени реакции може да се извлече заклучок дека граѓаните на РМ се свесни дека задоволувањата на барањата на бившите сопственици ќе значи наметнување на обврски на државата, односно на сите граѓани на оваа земја што ќе значи блокирање на идниот развој и осиромашување на поголемиот дел од населението.

Секако, во претходните години и месеци овој дел од граѓаните не се експонираше толку често и така масовно и не ги изнесуваше своите ставови во врска со денационализацијата, како што тоа го правеа бившите сопственици на одземените имоти. Сметам дека тоа тие не го

правеа од проста причина што тие имаа доверба во оваа Влада и пратениците, кои истите ја подржуваат, дека при концепирањето на законските решенија во врска со денационализацијата ќе се води сметка не само за интересите на бившите сопственици на одземените имоти, туку и за интересите на другите граѓани и за интересите на државата воопшто. Тие беа уверени дека оваа Влада и нејзиното парламентарно мнозинство нема да дозволат со исправањето на нанесената неправда на едни да се нанесе неправда на други граѓани на оваа земја.

Дами и господа пратеници,

Со решенијата што ги нуди Владата во Предлогот на законот за денационализација што е пред нас за усвојување, сметам дека Владата ги оправда очекувањата на мнозинството на граѓаните на оваа земја, поради што сметам дека Собранието на денешната седница треба да го донесе Законот за денационализација и јас ќе гласам за него.

Ќе гласам за него како поради сето што го наведов, така и поради тоа што во него јасно е определен предметот на денационализација. Добро е решението, што со овој закон не се регулира прашањето со градежното земјиште, бидејќи тука има многу специфичности што треба да се разрешат со посебен закон. Сметам дека не е можно со овој закон да се разреши.

Решенијата за одземените станови и станбени згради изнесено во законот го сметам исто така за добро решение, поради тоа што луѓето кои стекнале станарско право може да останат на улица, а на поранешните сопственици им се дава надомест, со што се обештетуваат.

Исто така, го прифаќам и решението во законот за одземениот имот што не се враќа. Да се дава надомест во вид на обврзници од серија А и серија Б. Јасно е утврдено кој од одземените имоти се враќа, а за кои не се плаќа надомест, а кој не се враќа и за кој не се плаќа

надомест и зошто. Јасно се утврдени органите и нивните надлежности во постапката за денационализација. Јасно е утврдена постапката и начинот и условите за враќање на имотите и давањето на надомест.

Во законот се води сметка за можностите на државата и нејзиниот развој. Избегната е опасноста со исправањето во законот на една неправда да се направи друга неправда.

И на крајот, иако давам безрезервна поддршка на Предлогот на законот за денационализација дозволете ми да изнесам и една забелешка, односно еден предлог во врска со став 1 во член 11. Во тој став од член 11 сметам дека право да поднесат барање за денационализација треба да имаат не само поранешните сопственици односно лица кои се негови наследници од прв наследен ред, туку и наследниците од другите наследни редови, односно од втор, трет итн. Во спротивно сметам дека со законот ќе се нанесе неправда на еден дел од граѓаните. За ова нешто јас ќе поднесам и амандман на законот. Тоа ќе биде случај уште повеќе, ако се има предвид и временскиот период во кој се предвидува да се реализираат законските решенија со овој закон, од изминатиот период кога е донесен првиот Закон за денационализација. Од тие причини сметам дека треба да се укине односно измени овој член и да се избрише само првиот наследен ред и да биде предвидено, како што јас предложив во мојот амандман.

Благодарам.

V/1 ДВ/НД

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Дами и господа,

Сметам дека повеќе од прашањата што планирав да ги кажам тука беа искажани од повеќемина колеги пратеници. Јас ќе настојам само на кратко да изнесам свое видување по однос на некои прашања кои сметам дека не се искажани во денешната расправа.

Сметам дека не се работи за толку едноставна материја, туку напротив се работи за доста комплицирана материја и не само комплициран. туку доста скапа материја, скапа за стопанството, за државата и тн. Дури сум убеден и за еден релативно реален закон сметам дека стопанството односно државата треба да обезбеди милијарди долари и тн.

Ние тука лесно можеме да се повикуваме на Уставот на РМ, на уставните начела, уставните определби и тн., меѓутоа ако се вратиме во реалноста тогаш сите сме убедени дека тие пари за една реално релативна денационализација не може да се најдат односно не е можно да се обезбедат. Затоа и јас сум убеден дека не е можно да постои добар закон за денационализација, а најмалку може да постои идеален закон за денационализација. Тоа може да се види и од праксата на екс социјалистички држави, но важно е барем да постои релативно реалистичен закон кој релативно ќе ги решава постојните проблеми во овој домен. Да се донесеше овој закон пред Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, можеби законот ќе беше пореален. Меѓутоа тоа е тоа.

Јас тука ќе се впуштам во некои анализи во однос на определбите на Предлог-законот и ќе кажам некои свои мислења.

Прво, во предлогот стои дека денационализација односно предмет на денационализација е имотот што државата го презела како вишок на

V/2.-

имот за предавање на управување, или конфискација за казниви дела, освен за тие дела кои се сметаат за воено злосторство, смрт или тешка повреда на една или повеќе лица, разурнување или оштета на туѓ имот тероризам, експлозија, кражба, грабеж, разбојништво и тн. Тука сигурно ние ќе имаме повеќе проблеми како претходни прашања од причина што повеќе екс сопственици ќе негираат дека нивните дела ќе може да се квалификуваат како такви, како терористички, како воено злосторство, туку едноставно ќе инсистираат на тоа дека нешто им било наметнато политички, како монтирани процеси, бидејќи се работи за интереси. Тука се поставува прашањето врз какви правни дејства тие ќе ги решаваат овие прашања односно нивниот статус, кога роковите и за редовните и за вонредните правни лекови се поминати и наравно не е лесно ние само да констатираме. Можеме да кажеме дека сепак ќе имаме еден своевиден апсурд и ќе имаме конфликти меѓу луѓето и незадоволства.

Второ, во Предлог законот стои дека постапката за враќање на имотот и за надоместување на имотот треба да се покрене по претходно барање на странката. Значи да се достави барањето на странката. Барањето се упатува до Министерството за финансии, значи до Управата за имотно - правни работи. Наравно странката односно барателот кон барањето треба да достави и доказ за сопственоста, а тие според Законот се: тапијата, договорот, пресудата, решението и тн. Тука исто така ќе имаме доста проблеми со претходните прашања.

Повеќемина од екс сопственици воопшто не поседуваат такви документи од причина што тие беа убедени дека социјализмот ќе потрае толку колку ќе потрае светот односно до распаѓањето на светот и не гледале причина за да ги чуваат тие документи. Наравно тука се поставува прашањето како тие ќе докажат дека се сопственици. Во предлогот стои: ако тие документи се наоѓаат кај другата странка односно кај тој

што го поседува имотот и кој е задолжен да ги предава тие документи. Јас сметам дека тоа е невозможно од причина што ниеден кој поседува туѓ имот нема да достави документи кои се неповолни лично за него.

Трето, во Предлог-законот стои дека предмет на денационализаија не е одземено градежно земјиште. Тука се поставува прашањето зошто а не е предмет и одземеното градежно земјиште особено ако се работи за градежно земјиште кое сеуште не е урбанизирано, особено за градежно земјите каде не е изграден никаков објект. Исто така може да се постави прашањето зошто оваа материја да не се решава со одредбите на овој закон туку би се решило со одредбите на Законот за градежно земјиште. Истото важи и за земјоделското земјиште и шумите што според предлогот треба да се решава според прописите за арондација и комасација.

Четврто, предлогот предвидува дека таму каде што не е извршена трансформација на претпријатијата,претпријатието со општествен капитал е враќа недвижноста или пак друго средство, освен ако со тоа се нарушува градежната техничката и технолошката целина на претпријатието. И тука е имаме повеќе претходни прашања кои ќе оценуваат градежната, техничката и технолошката целина, во каква постапка, во каков рок, во какво време и тн. И претпријатието веројатно го има предлогот пред себе и о читаат, па ќе преземат нешто и недвижности да изградат или да доградат нешто за да докажат подоцна дека ќе се наруши нивната градежна техничка и технолошка целина, а меродавно време ќе се смета времето на поднесување на барањето. Значи, ќе има доста такви претпријатија кои ќе манипулираат со ова прашање.

Петто, во предлогот стои дека вредноста на имотот кој е предмет на денационализација и висината на надоместокот се проценува со пропис и акт на Владата на РМ. Јас незнам како ќе изгледа тој акт и не можам да прејудицирам, меѓутоа се плашам штом е административен односно државен акт, тешко дека ќе биде согласно пазарните услови,

што е духот на Уставот на РМ, така што јас сум убеден дека со управни постапки, со претходни прашања, а и со судски постапки веројатно ќе имаме работа 30 години. Но тоа си е ваша реалност од која реалност не можеме да побегнеме и се разбира можеме да се согласиме сите дека сепак е многу тешко да се исправаат грешките на историјата.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами господа пратеници, почитуван министре,

Сигурно денес имаме еден закон кој е најтежок после донесувањето на Уставот на РМ и дека со тој законски проект, дефакто, го ставаме на проверка целиот правен систем кој досега гоградевме со донесувањето на новиот Устав и дека со донесувањето на еден ваков закон во РМ всушност се впуштаме во разрешувањето на имотно правните односи во земјата кои имотно правни односи отсекогаш биле пречка во секое општество и за кои имотно правни односи се правеле војни и сите радикални решенија кои значеле уредување на таа материја.

Сакам на почетокот да истакнам дека тргнуваме да расправаме една материја од едно општество во кое сопственоста беше недокажана историска категорија со идеолошко нормативна содржина и дека таа нема историска поткрепа како докажана историска категорија со економско правна содржина. Оттука дискутирањето од природното право на секој човек на стекнувањето на право на сопственост не може да биде основ туку сопственоста кај нас се стекнува по два основи. Тоа е оригинарниот и деревативниот начин на стекнување на право на сопственост и со донесувањето на законските проекти, посебно на законите кои ја уредуваат сопственичката материја, кај нас ги разликуваме двата видови на стекнување на сопственост. Тоа е оригинарниот начин и деривативниот начин на стекнување на право на сопственост. Поаѓам од едно општество во која сопственоста значеше одумирање. Поаѓаме од едно општество кое имаше друга идеологија,

V/5.-

која сакаше да ги сруши сопственичките односи и да создаде општество кое ќе ги задоволи материјалните и духовните потреби. Но се докажа обратно дека сопственоста сепак е историски докажана со економска и правна категорија. Оттука ние имаме неколку сопственички закони кои ја уредуваа таа материја.

Да кажам и тоа дека со Законот од 1980 година, а тоа е Законот за основните сопственички права дека кај нас сеуште не е познат друг закон кој ги уредува сопственичките односи во нашата земја, без разлика што имаме закони кои создаваат основ како се стекнува сопственоста, но никаде не донесовме друг закон кој ќе ја дефинира сопственоста и по обем и по содржина. Оттука и тешкотијата да се донесе еден таков законски проект кој дефакто ќе ја преуреди материјата во РМ.

Поаѓајќи од самиот поим национализација како присилен пропис за оригинално стекнување право на сопственост, јас би направил една поврзаност на национализацијата, експропријацијата и конфискацијата кои имаат заедничка содржина, имаат заеднички допирни точки а во суштина се разликуваат како правни инструменти еден од друг. Оттука тешко да се уреди материјата со еден закон и објективно кога пратениците дискутираа и сакаат со еден законски проект да ги уредиме сите сопственички односи во земјата, мислам дека правиме една грешка и дека дискутирам за прашања кои објективно едно со друго се разликуваат.

Национализацијата како правен инструмент е позната во светот Таа не е само во социјалистичките земји, туку и во капиталистичките земји, почнувајќи од Втората светска војна,донесени закони во Германија Шведска, во Норвешка во Данска, во Франција и тн. И во материјал но правна смисла национализацијата има двојно правно значење. Едно е стопанското значење и другото политичкото значење. Стопанското е за уредување на одредена материја како што е правена поради неефикасна

индустрија во Англија, металуршката индустрија, каде државата ја зема под своја капа таа индустрија, а на газдите им дава огромни надоместоци за тие да можат да вртат капитал, да имаат пазарно стопанство и тн., од една страна, а за нас социјалистичките земји не само како стопанска мерка, туку и како политичка мерка каде приватноста сопственост е основ за експлоатација на едниот и другиот, каде ќе го направи неправедно општеството. Оттука се донесени тие присилни прописи на национализација, почнувајќи од 1917 година од СССР па се до кај нас во 1948 година кога има1 ме такви присилни прописи за уредување на сопственичките односи.

Национализацијата не значи само стопанска мерка туку и политичка мерка која во суштина ги ограничува основните субјективни права ш граѓанинот како стопански субјект во пазарното стопанисување, а сопственоста дефинирана по Римското право дека таа е сопственост која од три институции се содржи а тоа е: присвојувањето, располагањето и отуѓувањето и редефинирајќи ја во сите други законски проекти кои ги познава денешното општество, само се основи на тие три облици на сопственоста и сите различни облици се изведуваат од римската дефиниција на сопственоста. И поаѓајќи од уставниот концепт дека ние се определивме да градиме пазарно стопанство, дека на граѓанинот му ги гарантираме сите слободи и права, а тоа се основните субјективни права на присвојување, располагање и отуѓување, а јас тука го гледам и уставниот основ за донесување на законскиот проект кој, еве и денеска го имаме. Што значи дека овој закон за денационализација не значи само во материјална смисла на поимот денационализација, утврдување или враќање на титуларот на сопственоста врз основа на кој му е земен тој имот, туку значи и ослободувањето на основните субјективни права за стекнувањето право на сопственост. Кај нас национализацијата значеше и ограничување на тие основни субјективни права на стекнување на одредена сопственост. Дефакто овој законски проект и со Уставот во суштина ги ослободуваме основаните субјективни права за присвојување, располагање и отуѓување. Оттука, дефакто е и уставната

поткрепа на донесувањето на овој законски проект. Разликата меѓу национализацијата и експропријацијата во суштина е огромна.Експропријацијата е мерка која и нашиот устав во членот 30 ставот 1 и 2 ја познава каде таа се спроведува не за ограничување на слободите и правата на граѓаните во стекнувањето на соодветна сопственост туку заради утврдување на јавен интерес кој е потребен на една држава за да може да ги остварува своите основни функции.

На крајот е конфискацијата. Конфискацијата никогаш не може да биде мерка. Од претходните две, конфискацијата всушност значи споредна казна за изречено кривично дело кое е предвидено согласно казнените закони во нашата држава. Оттука тие три различни институти, разликувајќи се еден од друг ја создаваат тежината во утвдувањето на регулаторниот капацитет на самиот законски проект кој денес се нуди пред вас, од една страна а од друга страна и сложеноста на формалната процедура, или формалниот поим на законскиот проект, што значи дека треба да се донесат низа нормативни одлуки и нормативни акти за спроведување на тој облика на денационализација. Тоа во суштина значи материјалниот и формалниот поим на законскиот проект кој еве денес се нуди.

Ако го погледнете самиот законски проект од 7 0 члена, уште во првите пет шест члена вие ќе го видите регулаторниот капацитет или желбата на Владата, Законот да може да ја уреди таа материја која еве и денес ја понуди.

Јас објективно ќе кажам дека Владата со овој законски проект зема една огромна задача која претходно не може да каже колку ќе ја чини македонската држава и повикувајќи се на праведноста на законскиот проект ние секогаш мораме да појдеме од основниот принцип дека а тоа е принципот на односите на луѓето во нашата држава треба да ја прифати или чува субјектноста како субјект на секој граѓанин, автоном-

носта и дигнитетот на сите граѓани во РМ. Општото значење на донесувањето на овој законски проект на праведноста е основа за уредувањето на односите меѓу луѓето, така да тие односи одговараат на секој поединец, граѓанин, човек во РМ, на основа на квалитетот кој нашата држава може да му го понуди и ништо повеќе од праведноста на овој законски проект. Тоа значи дека, ако ние со еден член можеме да кажеме дека ги укинуваме сите присилни прописи во РМ и го враќаме целиот имот, дали дигнитетот на луѓето во нашата држава можеме да го споазиме и дали нашата држава може реално да го спроведува овој законски проект и да направи чистареститиуција или реституција интегрум, враќање во првобитна состојба и дали после 50 години на живеење при променети околности и услови на збогатување со тие вредности може со таква мерка да се направи проста репродукциjѕ. Мислам тоа никогаш не може да се направи. Оттука праведноста во постапувањето на државата, државата во еднакви случаеви и еднакво треба да постапува Оттука мислам дека и Законот е праведен кога се впуштил да разреши одредени решенија кои еве самиот законски проект ги нуди.

Исто така сакам да кажам дека постапките во спроведувањето,. во докажувањето за денационализацијата едноставно се јасни и тие не за-фаќат многу дискрециони права на власта од една страна а од друга страна нема никаква спазеност на контециозност во постапката или пстапката некоја странка да ја докаже своето право, туку во еднострана постапка пред органите може да го докаже своето право. И не е точно во членот 11 кога кажуваме дека со тој член во суштина ние ги ограничуваме другите редови на наследниците, туку објективно може да се постави прашањето на урамнотеженоста на членот 11 и членот 52 став 4 каде во оставинска постапка решението за денационализација во суштина ќе биде основа за поведување на оставинска постапка, а во законот за оставинска постапка дефакто се разрашуваат сите односи согласно Законот за наследување каде никаде и никогаш неможе да се исклучат и наследниците од втор, од трет и понатамошен ред, а само во

членот 11 во процесуално правна смисла им се дава на наследниците од прв ред да покрената постапка пред Министерството за финансии и надлежните институции за поведување на постапката за денационализација.

VI/1/РД-лј

**ТУШЕ ГОШЕВ:** (продолжение)

И кога објективно ќе се постави правото која го дава членот 52 став 4 од законот и членот 11 став 2, може објективно да се каже дека членот 52 не ги ограничува наследниците да можат да бидат наследници согласно на решението за оставинска постапка, туку само во формално процесуална смисла, во членот 11 можат да се јават и да покренат постапка. Тука, мислам дека овој член до крај не е урамнотежен, ако законот веќе му дава за право некому да биде наследник, треба да му даде и во формална смисла право да може да покренува постапка да го стекне тоа право. И оттука мислам дека можеби желбата на законодавецот велат дека била една, во суштина законот за наследување не кажува така кога веќе ке се донесе решение за денационализација, тогаш дури почнува постапката за наследство во вон процесна постапка , како што предвидува законот за наследување. Оттука, никој дефакто не може да биде исклучен како наследен ред во стекнувањето во правото на наследност.

Сакам посебно да нагласам дека почесто кај нас се кажува дека и странците кај нас може да стекнуваат право на сопственост, тоа прашање го уредува и уставот на република Македонија, а поточно го уредува и законот кој де факто, се уште е на правна сила, а тоа е Законот за основните сопственички права донесен 1980 година, дополнет 1990 година, и 1991 година со реформите на Марковиќ, каде поточно во членот 86-6 кажува дека странец може да стекнува право на сопственост, доколку нашата држава има склучено билатерален договор , каде нашите граѓани може да стекнуваат право во таа странска држава а исто и странски државјанин може да стекнува право на сопственост на таа држава. Тоа значи дека де-факто во Република Македонија сеуште

VI /2 . -

да го редифиниране законот за основните сопственички права и не може така одредба да влезе во Законот за денационализација, за да може да предизвика и правни дејствија. . Оттука, сметам дека законот уред- но ги исклучил сите странци да не може да стекнуваат право на сопсственост и да не може да се јават во нашата земја како странка во денационализацијата.

Исто така, сакам да нагласам неколку збора во врска со роковите, дека тие се уредно дадени и дека брзо во Република Македонија странките ќе си ги остварат своите права согласна на таа процесна пос- тапка која го Предвидува законот и дека нема да имаме тесни грла во дискреционите права во спроведувањето на денационализацијата и укажувањето на правата, единствено секогаш ќе останува прашањето во врска со набавувањето на документацијата која се бара за да може да се покрене постапка. За тоа мислам дека законот го спомнал еднаш, но оскудно, јавниот правобранител не му дал за право и по службена должност да покренува постапки за денационализација, од една страна, од друга страна, да може како странка во спроведувањето во таа денационализација да може и тој по службена должност да прибавува документи за да може ефикасно и уредно во роковите кој ги предвидува законот да се направи таа денационализација и да се решат сите прашања.

За надоместокот па мислам дека Владата имала од посебна сметка за релативната економска моќ на Република  Македонија во овој момент за да може да направи денационализација со надоместок и дека подобро е Република Македонија да донесе реален закон, реално да може да го спроведува, односно номинално само да му вети на народот дека ќе прави денационализација, а во суштина да не направи ништо и да останеме само на таа номинална фаза на ветување дека во Република Македонија спремни сме да ги разрешиме сопственичките односи во земјата

а во суштина стоиме на исто место и на крајот, сакам посебно да ја истакнам за надоместокот на општествените станови за кој станува и спор, дали има уставна поткрепа или нема. Сакам да Ви кажам дека поаѓајќи од преамбулата на Уставот на Република Македонија, каде што ние кажуваме дека уставниот континуитет продолжува од илинденското востание, од НОБ, референдум за донесувањето на тој Устав и станарското право како трајно право во Република Македонија, која може би во Република Македонија нема уставна поткрепа во Уставот, но има правен континуитет, бидејќи ние ретроактивно не можеме да донесеме ниту еден законски проект, државата согласно на сите позитивни законски прописи на тие одземени станови никогаш нема да им ги даде национализираните станови, да стекне некој право на сопственост согласно на законот за продажба на општествените станови, од една страна, ниту било кој национализиран имот под тие поволни основи, туку државата со овој законски проект ако сега не е способна да изврши денационализација, сигурен сум дека во овој законски проект нема да биде единствен што ќе значи денационализација на Република Македонија, во следниот е добра основа за донесување и правилно раз решување на тие со сопственички односи во Република Македонија.

Што се однесува до другите институционални особености како што се трудиме да кажеме за Македонската православна црква да се врати имотот, јас мислам дека е рано да се вметне и тоа, затоа што Република Македонија се додека не го донесеме законот за основните сопственички права и тие сопствености да ги дефинираме и по обем и по содржина, во суштина ние ќе направиме уште поголема грешка ако вратиме она што сеуште во Република Македонија како сопственост, институционална сопственост не е дефинирано.

VI / 4 . -

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван г-дине претседателе, дами и господа пратеници почитуван министре.

Морам да признаам дека и моето семејство и јас ние сме пролетери, не сме незнам колку заинтересирани лично за овој закон дека ќе добиеме нешто или сме изгубиле нешто. Тоа што имаме е наше, меѓутоа, како пратеник, мислам дека секој од нас треба да се чувствува така, без разлика на која партија и припаѓа, треба да ги отвориме очите многу во врска со овој закон, затоа што народот ме испрати овде, во овој парламент да го кажеме неговиот глас, неговите барања.

Сигурно не можело да се дојде и не може да се дојде друг систем во кој сме сега, односно каде чекориме, ако не дојде до промена на сопственичките односи. Како што 1944-1950 година итн,. не можеше да се дојде до социјализам, ако не се променеа сопственичките од- носи. Тоа е основна карактеристика. Иако 1950 година велиме дека земјата на селаните, фабриките на работниците, тогаш и вие што сте овде присутни сигурно учевте, завршивте образование, магистриравте, докториравте и на овие теми и во тој систем дека еден голем дел од граѓаните во Република Македонија тоа им беше јасно, беа задоволни со потегот на тогашниот систем, притоа, што се изнајде начин и модус како да се каже дека после војната, која ја сметаме за нов се изродија и на видело се покажаа тие воени богаташи како впрочем и сега ми смрди дека има такво нешто, затоа што дојде до промена на сопственичките односи, некој стана побогат, оној што не може посиромав итн., иако тогаш одвоените богаташи беше одземено нешто, што беше во тоа време оправдано да се одземе, се одзема и се дојде до нова национализација, дојде до експропријација на одредени работи за кој што зборуваше господинот Туше Гошев, па и арондацијата комасацијата итн.

VI / 5 . -

Сега бидејќи чекориме кон демократија и правата на граѓанинот и човекот да Ви кажам дека малку ми е тешко кога слушам, не ми замерајте на овој збор, дека треба да се исправи една историска грешка. Ако таа била историска грешка според некои, јас пак велам и сметам дека тоа било општествено барање. Дека морало тоа така да биде. Во сите источно-европски земји тоа морало така да биде. Не може кој да се спротивстави на тоа историско барање и која е таа историска грешка. 50 години се во прашање. Дојде време ние, оваа генерација, да го понесеме товарот на исправувањето на тоа општествено барање, не исто- риска грешка и мислам дека тоа општествено барање, што мора да го направиме, ќе не чини многу и реализацијата на овој закон, јас тврдам дека ќе врши огромна економска депрецијација врз стандардот на многу фамисии, на многу работници, на многу граѓани на Република Македо- нија. За што многу е тешко да се исправи она што беше направено 50 години. Ако ова некој не го признава нека не го признава. Ако некој сака да се прави добар пред гран^ните, нека се прави добар. Никој не му смета, нека тоа биде право на граѓанинот и човекот, нека сам си каже дали е тоа тоа, или не е тоа. Ако се вратиме историски малку назад јас не би сакал да кажам ништо за 1371 година кога дојдоа турците селџуци овде, па 1912 година, па 1913, па тогаш чија беше. Па 1918 чија беше. Па уште постоеја агите, уште постоеја беговите итн. Овде се тврди дека се направило етничко чистење. Одземена е земјата. Може би имало некои грешки на некои места, меѓутоа, тоа не било така, Турците сакаа да си одат во Турска, да не бидат христијани. Во Турција да бидат муслимани. Еве мојот тетин и мојата тетка се продадоа отидоа во Измир. Сега нивните деца се во Германија во Берлин. Онженери, машински електро инженери. Па дури доаѓаат луѓе од Босна, правејќи се дека се Турци овде во Македонија, доаѓаат од Космет Албанци

VI / 6 . -

правејќи се турци овде во Македонија. Доаѓаа и роми, правејќи се турци, само да отидат во Турска. Да умреме во наша земја, во Турска земја да не жалиме. Ова е со многу други работи испретплетено, поврзано. Нека не ми замерат нивните фамилии што вака зборувам, меѓутоа, ова е затоа што и јас во фамилијата имам некои такви работи. Па зара- ди тоа, никој никого на сила не можеше да го натера да отиде некаде, да остави земја или да изврши етничко чистење. тоа не може да биде така. Интересна работа е што ние не можеме да ги отвориме очите без партиска припадност. Ние во тоа време во времето на 194 4 година па и 1950 година, таква ни била земјата Република Македонија. Такво ни било стопанството. А што претставувавме тогаш за Европа ние? Какви се сега тие фабрики? Колку земја имаме напуштено во РМ, и тоа одлична земја, граѓани кои што се отидени во Америка, во Канада, во Австралија. Овде за земјоделството кога се зборува јас едно време поставив како пратеничко прашање за еден министер колку е способноста на РМ, во аграрот, за производство на пченица и ги набројав сите други производи. Кажано е во количини колку е. Дали можеме да се прехранувам Најбогатата земја се претвори во угари. Луѓето ја напуштија. Отидоа, избегаа. Некој ги бркал. Тоа е знак прашалник дали некој ги бркал. Секој сака да живее во Америка, во Австралија, во Канада. Но таму се работи. Таму има под да му тече од глава до пети. Ем да седиш ем да имаш нема. Индустриските стопанства тогашни сега претворени за овие услови за милион пати повредни. Јас знам моја"Комуна", затоа што таму бев вработен со дрвени машини, па триста реконструкции, модернизации итн. Користен е кредит од меѓународна банка за обнова и развој, користен е кредитот од фирма од Италија и сега ќе се најде некој ќе рече ова парче земја било мое дајми ги тие машини. Може би земјата ќе му ја дадеме, дрвените машини ќе му ги исплатиме, но има голема разлика во развојот на тоа земјиште на тие машини. Има голема измена

VI / 7 . -

тоа не е ништо чудно да речеме Владата какви мерки презема и кој е тој правилник што ќе биде аптекарска вага. Да најде точно кој ја крие таа соодветна вредност со која ќе ги обештети онеправданите. Значи проблемот не е лесен. Сигурно никој не можеше да очекува од нас дека ние чекориме кон капитализмот, без приватизација, без донесување на овој закон за денационализација, експропријација и другите закони за враќање на имотите. Меѓутоа, кај нас е толку тоа испретплетено што мислам дека е неопходна потребата па помош од надвор за да не се осакатиме себе си и да не биде само тоа од чисто номинално . Што дека ке го донесеме законот ако не можеме барем на тие од околу што можеме да им помогнеме, да им помогнеме. Тоа значи ако може на Јелцин да му се дадат за некои работи фикс средства. Да видиме и така ние немаме ракети. Ние сме таква земја која што не сме директно до Русија, односно поранешен Советски Сојуз. Со лансерни  лампи и тн. Но мислам дека Владата треба да проба и на таа карта не е лошо да се игра во Унијата во светот, финансиските корпорации, институции, програмата ФАРЕ итн. , за да можеме тука малку колку може, малку побезболно да се помине ова. Инаку, многу тешко ќе биде. Како ќе платиме? Од каде? Ние сме многу задолжени. Оваа земја многу создала. Создала патишта и згради и фабрики и многу работи. Се задолжила многу од каде? Ги признаваме сите долгови од поранешна Југославија. Меѓутоа, она што треба да ни се врати, никој ништо не дава. Не признава. Зошто, како, кога ќе ги вратат. Тоа се тие работи кои се испретплетени, така да ни ги врзуваат рацете.

**ФАИК АБДИ:** (продолжение)

Објективно, било позицијата било опозицијата воопшто граѓаните ова треба да знаат да го признаат дека е така, не е тука некој си министер за финансии или претседател на Влада или опозицијата е таа која успеала тоа да го направи. Што ќе направи? Јас тврдам кој и да биде на власт ова не може да го донесе онака како што некој мисли како некоја апотекарска вага и веднаш за 30 години ќе гиповратат парите, ќе го повратат благодетот заради тоа што им е нанесена неправда. Во тоа време, тоа не била неправда но такво било времето.

Анализирајќи ги сите членови од законот дојдов до заклучок кој важи за мене, не сум правник, можеби многу не ја разбирам материјата, но ете ќе ми простите заради моето оскудно познавање на проблемите од правото, но постојат некои закони уште од порано кои и сега важат и кај нас, и на запад, закон на вредноста. Сигурно во спомнатите анали на пишувањето на одредени закони, односно правилници, Владата ќе го има ова во предвид затоа што ова одело што е на мене денеска ако го купам во продавница, утре веќе ја нема таа вредност. Ама земјата и неподвижниот имот, тоа е друга работа. Затоа го спомнав овој закон сигурно нашата Влада тоа го знае и секако мисли на тоа.

И да завршам со следното, еден министер еднаш рече овде дали можеме да разговараме без правни и финансиско - економски акробации. Јас мислам дека овој закон е таков што не треба да се послужиме со тиа правни и економско-финансиски акробации поаѓајќи од своите партии, заради тоа што е од општ интерес на Републиката, заради тоа што без

овој закон, како што ММФ не признава ништо односно како што претставници на Меѓународната банка за обнова и развој претседателот некни кажа дека приватизацијата не е како што треба, овој закон е тука во тие констелации влегува и за овој закон ќе се изјаснат негативно, па мислам дека не треба да брзаме. Да побараме помош и од надвор, затоа што оваа земја претрпела многу, кој не ја газел оваа земја, кој не крадел од оваа земја, кој не носел, кој како напаѓал, земал, носел и тн. Никој пред никого не одговара. Заради тоа, треба да бараме меѓународна помош за да може и овој закон да го спроведеме онака како што бара системот, нашиот општествен поредок за да може и на обештетените да им го вратиме угледот мислејќи при тоа многу за оние од кои ќе се одземе нешто да не ги оставиме на питачки стап, заради тоа што едно време постоеле беговите, постоеле чивчиите, па понатаму постоеле богатите и сиромасите, па делење на земјата, одземање на богатите па давање на сиромасите, па селско - стопански задруги, па фабриките на работниците, земјата на селаните и дојде време и фабриките приватизирани, нешто истерано, не нешто туку многу истерано надвор, избркано од превработеност, тоа значи се дошло до голема промена внатре меѓу граѓанството, незадоволство и да не ги ловиме луѓето од партиски побуди, ете ние кога ќе дојдеме на власт ќе направиме се заради тоа што мислам дека не постои никаква партија заради тоа што немаме материјална моќ да ја завршиме оваа работа. Доколку би имале материјални можности сигурно оваа Влада со своите стручни знаења и познавања на приликите во Европа и во светот ќе го направеше тоа и ќе го предложеше тоа што ќе одговара на материјалната моќ на државата. Веќе е позната нашата материјална моќ,

сигурен сум дека ова што се предлага со амандмански расправии, со одредени амандмански исправки ќе добие виза, но сепак мислам дека и тоа што ќе добие виза од нас овде, тоа едно време ќе поминат денови и години, ќе бидеме критикувани. Можеше да се стори и вака, а не баш вака. Секогаш ќе има нешто што народот односно граѓаните ќе бидат незадоволни, па сигурно ќе бидеме ние критикувани.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Панчо Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, дами и госп ода пратеници. Долго очекуваното донесување на Законот за денационализација по содржина како што е предложено за расправање и одлучување на Парламентот поради, како што стои во образложението на Предлогот на законот за денационализација, материјалните можности на државата во актуелниот момент не ги постигнува задоволителните рамки на остварувањето на целта за што е донесувањето на овој закон, а тоа е обесправувањето на оштетените граѓани на кои државата со присилни прописи, со многу идеологизирани елементи во тие прописи им ги одзела имотите како тогашни сопственици.

Во аргументацијата на ова напред констатирано можам да кажам уште во членот 2 каде се предвидува што е предмет на денационализација и една моја обврска како пратеник од општина Кавадарци каде што имаше барање, каде јас по Нацрт законот го изнесов, една голема група не само во Кавадарци, туку и на ниво на Републиката на кои не им е одземен имотот, но кои со изјава се откажале

од претходната сопственост на имотот поради присилни состојби на тогаш важењето на оданочувањето и во руралните средини и уште повеќе во ридско - планинските средини. Од тие причини на задолжување со данок тогаш а сега да потсетам таквите населени места се ревитализираат, ослободени се од данок и тн. тие граѓани кои се многу на број го имаат "со изјава на волја" откажано сопственоштвото на тие земјишта се имаат со самото тоа откажано од живеење и работење во тие рурални и ридско - планински средини.

Сметам за многу издржано, аргументирано во предметот на денационализација бидат опфатени и таквите поранешни сопственици од едноставна причина што нема логика, нема основа во случај на титуларство на државата на истите земјоделски површини или во уште поалармантен случај воведување на друг титулар на сопственост на тие земјоделски површини претходните сопственици да го немаат тоа право, тој имот да им се врати а на истото да претполага сопственоштво во државата или уште полошо некои други титулари. За жал, и предлогот на законот не ја предвиде таа можност оваа структура на граѓани како претходни сопственици на имот откажан под присила на состојбата во тој момент поради оданочување од државата кој сега не е на актуелно важење и во предлогот на закон повторно отсуствува можноста за денационализација на таквите имоти кои се за мене исто така одземени.

Понатаму сметам дека во она што е предмет на денационализацијата односно што не влегува во денационализацијата како предмет мислам дека е направена една многу голема зафатеност на голем број на случаи кои изнесуваат во исто време и најголем број на бивши сопственици на одземени имоти. Во предмет на денационализа-

цијата не се предвидува одземеното градежно земјиште, во предмет на денационализација не се предвиди експроприраниот имот во предмет на денационализацијата не се предвиди одземеното земјоделско земјиште и шуми со арондација и комасација и што е најбитно во предмет на денационализацијата не се предвиди она одземено земјиште за кое е определен и исплатен надомест сметам дека е тоа повеќе од 90% на бившите сопственици на кои од државата им е одземен имот.

На сите ни е познато, иако предлагачот се повикува во содржината на законот на овие членови од основните одредби дека тие имотно правни односи ќе се разрешат со актуелните закони за градежно земјиште и експропријација или за комасација или арондација, сметам за неопходно да потенцирам и да потсетам на една примена на Законот за експропријација кој признаваше порано така наречен правичен надоместок кој беше, еве јас имам едно работно искуство во општината од крајот на 80-тите години кога немаше седница на Собранието на општината да немаше три до пет одлуки за прогласување на јавен интерес, наводно јавен интерес за одземање на градежно земјиште и земјоделско земјиште. Тоа беше една масовна појава на која со никаква претходна постапка, јавниот интерес се прогласуваше многу често, а така наречениот правичен надоместок фактички значеше тогашен износ на вредност по метар квадратен градежно или земјоделско земјиште повеќе од симболично. Тоа се исплаќаше не на пазарен начин, туку се исплаќаше со генерални одлуки на ниво на општина кои поради можностите на општината како општествено - политичка заедница без пардон, без паричен пазарно вреднуван износ им се одземаа имотите на граѓаните. Кога тој дел на најголема застапеност на одземање на имоти од граѓаните од страна на државата не е предвиден во овој закон,

мислам дека целта на самиот закон за денационализација е да се обесправат оштетените граѓани на кои им е одземен имотот, во многу ќе биде намален.

Исто така сметам за потребно во делот на основните одредби од законот да нагласам правото на поднесување на барање за денационализација да се ограничува само на наследници од прв наследен ред е големо ограничување и тргнувајќи од тоа ако се има предвид временскиот период на одземањето на имотите постои голема претпоставка добар дел од наследниците од прв наследен ред веќе не се живи и колку сум информиран од работата на комисиите добро е ако предлагачот го прифати поднесениот амандман тоа да важи и за другите наследни редови и да дадам еден коментар на господинот колега Туше Гошев иако е дефинирано право на поднесување на барање за денационализација имаат наследниците од прв ред тоа значело и другите наследници, другите наследни редови имаат право за наследување е една нелогичност и апсурдност на објаснување од негова страна нема друго решение освен ова амандмански се прифати и да се дозволи другите наследни редови да имаат право на поднесување на барање за денационализации.

Во подглавата за враќање на сопственоста делот каде се вели земјоделско земјиште, шуми, пасишта, утрини се враќаат во сопственост, понатамошната одредба од став 2 на овој член предвидува ако истите земјоделски земјишта, шуми, пасишта и утрини се наоѓаат во комплекси, во таков случај по автоматизам на законот се преминува во сосопственички однос на претходните сопственици со државата кои потоа со меѓусебен договор тие односи би ги уределе. Фактички со ставот 2 се негира основното решение дека земјоделското земјиште и

шумите се враќаат во сопственост. На сите им е јасно дека најголем број на одземањето на земјоделско земјиште и на шуми е токму заради создавање на комплексите на блоковите и слично. Ако сега велиме дека тие се враќаат, а се одземени заради комплексите, ако се комплексите исти земјоделски површини и шуми не се враќаат туку по законски автоматизам создаваат сосопственички однос со државата, во таков случај мислам дека основното решение е дека земјоделското земјиште и шуми се враќаат, со наредната одредба, фактички, се негира. По моја оценка тоа е огромно ограничување во враќањето на сопственост на одземените имоти од претходните сопственици.

Понатаму, исто така е содржински во законот доста чудно и неправично решението во однос на тоа дека прво се предвидува дека становите и станбените згради се враќаат во сопственост, а потоа по истиот метод како и за земјоделското земјиште и шумите се предвидува ако во истите права на користење го имаат стекнато корисниците на станот наместо враќање во сопственост се одредува надомест.

Сметам дека ова решение не е во согласност со концептот кој го застапувам по мое уверување и мојата пратеничка група на Либерално Демократската партија, а тоа е секој одземен имот и сопственост ако реално постои треба да му се врати на претходниот сопственик. Ова решение со становите не е правично за претходните сопственици на становите и станбените згради.

Во делот на решението за претпријатијата кај кои не е извршена трансформација односно приватизација решението дека ако подносителот на барањето за денационализацијата е на предмет кој

постои во тоа претпријатие може да му се врати таа недвижност и средство повторно условено, но ако тоа не ја нарушува работната, техничка, организациона, технолошка целина на претпријатието, што го оценува Комисијата на претпријатието и заинтересираниот подносител на барањето. Повторно едно условување кое исто така доведува до заклучок дека со таквото условување ја ограничува можноста за вистинско реално враќање во сопственост на претходните сопственици на недвижности, а тоа е преку реализација на законот за национализација на приватните стопанства.

Во делот на ова подглавје за враќање на сопственост на одземен имот многу е впечатливо решението за враќање на имот кој се наоѓа во претпријатие кое е под стечај или над кое е спроведен стечај, па не знам од кои причини тој ваквите претпријатија во кој имаат постапка на стечај или е спроведен стечајот не се враќа имотот на подносителот на барањето за денационализација, туку се наведува на надоместување преку надомест. Навистина мислам дека нема, по мое убедување, некои основи и аргументи за разлика од другите претпријатија овие што се под стечај и над кои е спроведен стечај наместо враќање во сопственост да се класифицираат во категоријата на надоместување.

Во делот на подглавјето за надомест мислам дека клучна одредба е членот во кој се вели дека надоместокот се плаќа во вид на обврзници. Фактички ова е пресудно, барем за мене, овој закон не го подржувам и не гласам за нето. Сметам дека надоместувањето во обврзници фактички значи одлагање на надоместувањето, надоместување не во реални парични средства, туку во хартии со многу условувања кои се состојат во следното:

VIII/1.-ПЈ/МЛ

**ПАНЧО МИНОВ:** (ПРОДОЈШЕНИЕ)

Самото поделување на обврзници на А вид и обврзници од Б вид, сметам дека во делот на обврзниците од видот А условот за сонив да може да се добие сопственички еквивалент кој што, ете, со кој што располага Агенцијата за трансформација или Агенцијата за санација на банките, или на државен имот кој е на продажба, но пак условувува. И, што би било најатрактивно ако со државен имот државата располага со станбен и со деловен простор и ако би било најреално тоа да се оствари преку таков сопственички еквивалент, да речеме, имот со кој располага државата, на некој начин да ја капитализира таа обврзница, пак вели, пак услов, ако за тоа одлучи надлежниот орган дека може за таа намена да биде продаван тој државен имот. Нема уставен основ, од обврзниците од Б вид кои што, кои што се фактички надоместуваат во парични средства, вредносно да се надоместуваат процентно со 60% и да се максимизираат тоа да изнесува најмногу до 100 илјади германски марки. И, сега што е најалармантно и што еве за коментар на колегите пратеници од Социјалдемократскиот сојуз како што вели Владата многу се потруди за донесување на овој закон, многу голема обврска и одговорност презема со овој закон, јас не можам да видам обврска голема и одговорност, прво, што е крај на мандатот и престојност на новите парламентарни избори од една страна, кога што извесноста од односот на силите во Парламентот е во зависност од изборниот резултат и од друга страна ко- га примената на одредбите од овој закон кога треба да се реализира плаќањето од надоместок на одземениот имот, фактички, се одлага од 2000-та година, во едногодишни рати секој јули, секоја година, но почнувајќи од 2000-та година и тоа во период од 30 години. Сметам дека тоа не е преземање на обврска и одговорност на оваа актуелна Влада, тоа е само донесување на законот без конкретно преземање на обврски и одговорности и ако се поврзе со крајот на

мандатот на овaа Влада, фактички се поставува и прашањето за легитимноста на донесувањето на овој закон од парламентарното мнозинство сега во Парламентот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, јорганот ни е многу кус, тоа сите го знаеме, меѓутоа, граѓаните односно оштетените граѓани, сепак, не се криви. По мое законот што е на дневен ред многу нешта оштетените граѓани не ги заштитува и можеби е токму тоа што ние донесовме Закон, прво за приватизација па потоа денеска ни е на дневен ред законот за денационализација. Мислам дека ќе требаше да биде обратното.

Прво, законот за денационализација, па потоа и она што ќе останеше ќе имаше логика да се донесе закон за приватизација. Со конкретниот закон што ни е на дневен ред граѓаните ги делиме на оние што ќе бидат обештетени 100% според Законот за приватизација, сопст-вениците на претпријатија и други, обештетени 60% со денационализа-цијата и тн. Право да им се врати имотот немаат наследниците од втор ред, што е надвор од секоја правна логика. Законот во многу свои членови доаѓа во судир со Уставот на Република Македонија и го пре-кршува и самиот Устав. Тоа најмногу се гледа во член 8, точка 6 од Уставот на Република Македонија, кој гарантира правна заштита на сопственост и член 30 од Уставот на Република Македонија кој исто така го гарантира правото на сопственост и наследување. По мое, исто така, длабоко убедување каква е логиката на давање хартии од вредност за бескамата во рок за исплата на 30 години и такво нешто никаде нема во светот. Воедно, како може Владата да избере прописи според кои ќе

враќа, а според некои други нема да враќа. На пример, членот 9, точка 2 од законот за денационализација. Со ваков начин на калкулации ние, фактички, правиме нова национализација на одземените имоти на оштетените граѓани. Во Предлогот на законот за денационализација, исто така, не е опфатено враќањето на градежното земјиште што било национализирано. Не се опфатени ниту експроприраните имоти што наводно биле платени, а за кои се знае колкав бил правичниот надоместок. Ако градежното земјиште не се вклопи во законот, тоа ќе значи дека најголем дел од имотот што треба да се врати и не се враќа. Дел од имотот национализиран во времето со овој закон што го реков погоре, ние повторно вршиме национализација на одземен имот. Враќањето на градежното земјиште е исклучено од Предлог -законот за денационализација, тоа прашаше е опфатено со Законот за градежно земјиште зашто нема уставна основа. Невраќањето на градежното земјиште го прави овој закон бесмислен, бидејќи повеќе од половина национализиран имот отпаѓа на градежното земјиште. Земјиште се продава со лицитации и преминува во правната сопственост, а поранешните сопственици не го добиваат ниту земјиштето, ниту на-домест според вредноста на лицитацијата. Тоа продолжува да се крчми дури и од страна на државните институции. Ако градежното земјиште не се вклучи во законот, тоа ќе значи дека најголем дел од имотот што треба да им се врати на граѓаните, тоа нема да се враќа.

Покрај градежното земјиште, најголем проблем е имотот што нема да се враќа, поради тоа што ќе биде прогласен за имот од јавен интерес. Тука се остава најголем простор за манипулација на тројца луѓе од фирма, Комисија за денационализација и ќе биде овозможено да решаваат кој имот е од јавен интерес, а кој не е и со ниту еден закон не е регулирано тоа што е од јавен интерес.

VIII/4.

Во членот 30 од Уставот што го реков погоре, е децидно и се нагласува дека не може да се одземе сопственост на имот, ниту да се ограничи кога се работи за интерес утврден со закон. Предмет на денационализација не се ниту експропририраните имоти, ниту земјоделското земјиште и шумите што се одземени под присила, поради арондација и комасација. Обештетувањето ќе се изврши со обврзници типовите А и Б со ограничување, а тоа значи дека максималната вредност што ќе се исплати како обештетување е 100 илјади германски марки. Јас барам со законот да се опфатат барем имотите што се експроприрани до 1968 година, бидејќи во него не се вели дека не се враќа имотот што бил одземен, а со кој е платен надоместок. Познато е де- ка надоместокот бил симболичен и кај земјоделското земјиште изнесува минимум на пари за еден квадратен метар, а кај градежното бил уште помал. Ако се смета дека тој имот е платен, тогаш, навистина, нема потреба за донесување закон за денационализација на тој дел што досега е заправо и национализиран. Поранешните сопственици треба да изберат дали ќе прифатат обврзници од типот А, со кои ќе им се врати 10 0% од имотот што им бил одземен, а кој ќе може да се искористи за купување од Агенцијата за санација на банките. Јас барам тие обврзници да можат да се користат за купување на државен имот и имот на јавни претпријатија. Со нив да може да се плаќа царини, даноци, откуп на општествени станови, откуп на деловен простор и давачки според државата што се слеваат во Буџетот на Република Македонија.

Втората можност е обврзниците од типот Б со кои на поранешните сопственици ќе им се надоместат 60% од национализираниот имот, кој ќе се исплатува 30 години со симболични рати. Тоа го реков и погоре, тие вредносни хартии за 30 години плаќање без камата никаде во светот таква можност и не постои.

Лимитот на овој тип обврзници во една релација оштетените граѓани воопшто не ќе имаат интерес. Според сознанијата граѓаните, речиси никој нема да ги прифати тие обврзници поради обезбедувањето на имотот и долгиор период на плата, бидејќи отплатата на обврзниците од типот Б ќе почне во 2000-та година. Ако некому му е одземена куќа поголема нему само 1/3 од тоа што му е одземено со овој закон му се овозможува да му се врати.

Со обврзниците од типот А на поранешните сопственици на национализираниот имот им се овозможува да купуваат акции што не и се потребни на државата, а кои односно од кои таа и треба да се ослободи. Јас барам одземениот имот реално да се процени и да се надомести, за да се исправи големата историска неправда спрема поранешните сопственици кои биле оштетени. Сметам дека законот е рестриктивен и ако се донесе во предложената форма голем дел од одземениот имот нема да биде вратен на поранешните сопственици, туку со овој закон, мое обедување е, дека правиме и натаму државата да биде нов конфискатор на одземеното земјиште.

Ние, исто така, изгледа дека не можеме да се ослободиме од некои наши стари маани што меѓу редови на законите сосема е незабележливо да го напишеме небитното, а со тоа да го правиме законот за денационализација скоро беспредметен, а таков е случајот и со овој закон. Еве уште еден пример, ако ја читаме точката 2 на член 9 веднаш ќе сфатиме дека се работи за нешто што никој не може да го објасни. Дека е така потврди и министерот во своето експозе кога го имаше минатата недела, расправа по законот, задржувајќи се на сите точки на член 9, но не и за точката 2, фактот што тој во своето експозе намерно ја испушти точката 2, несомнено зборува за непринципиелната и крајно некоректната содржина на точката 2 на член 9 од овој закон. Еве како гласи точката 2: "Не се враќа, а се дава надомест за

имот кој до денот на донесувањето на овој закон право на сопственост стекнало некое друго физичко или правно лице со одлука на над- лежен орган". Ако е тоа така, тогаш се поставува прашањето кој имот национализиран досега не и припаѓа или пак не е регулиран да и припаѓа на некое правно или физичко лице. Значи, таков закон досега во правната практика наша нема и не се случил. Што тоа значи секој имот кој досега е одземен е сопственост на некое физичко или правно лице. Значи, точката 2 е доста рестриктивна, како што тоа јас го сфаќам, дека имот нема шанса одземен да им се враќа на тие граѓани. Значи, ако е тоа така, тогаш се поставува прашањето кој нацинализиран имот досега не стекнал имот на едно правно односно физичко лице? Ни еден. Ова значи дека ништо не се враќа, туку се надоместува. Ова пак значи дека не е вистина тврдењето на министерот дека со оглед на слабата материјална основа на Републиката ние одлучивме се што постои основен имот од трите точки на член 9, да се врати. Точката 2 на член 9 зборува дека сепак има уште нешто што нема да се врати, па затоа не треба да знае ни самиот Парламент. Ова значи дека има и некои овластувања кои се надвор од законот и ќе ги ужива администрацијата, односно ресорното министерство. Практично, ова значи дека имотот ќе ти се врати само ако е по волјата на администрацијата, а не на законот. Тука законска празнина има. Читајќи го овој закон заинтересираните граѓани не можат со сигурност да заклучат дека имотот ќе им се врати. Тој намерно е нејасен и недозволиво овозможува самоволие и малверзации од надлежните органи. Затоа, предлагам најенергично да се брише точката 2 на член 9, со цел да го браниме авторитетот на нашата држава, на нашето Собрание и на нашата Влада воопшто. Никакво објаснување по овој закон не може да го оправда оваа втора национализација на одземените имоти од страна на граѓаните одземен, заправо во поедини периоди. Благодарам што бевте внимателни и што ме слушавте.

IX/1.- ЛП/ОМ

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Господин претседателе, господин министре, драги пратеници, спроведувањето на законот за денационализација ќе значи приватизација на општествената сопственост. Тоа ќе биде еден процес кој ќе трае дол- го време. Се работи за одземен имот,со не секогаш соодветна документација. Доколку постоела соодветна документација, не е целосно сочувана Исто така, од одземениот имот до денес е поминато доста време или одземениот имот не постои така во сточен посед , машини, урнати или на урнатите објекти е изграден нов објект, реконструкција извршена. Исто така, има и доста промени во сопственичките односи починати поранешни сопственици, стекнато право на сопственост од други правни и физички лица, а посебно како проблем ќе се наметне враќањето на земјоделското земјиште каде на една парцела ќе се јават повеќе сопственици и корисници и заради тоа враќањето на одземениот имот ќе биде доста сложена постапка. Но мора да се спроведе, овој закон да нуди излезни решенија.

Предложив во Предлог законот за денационализација да се внесе и амандман, да се вратат и незаконски односно без правен основ одземените имоти. Познато е дека после 1941 година имаше повеќе интензивна миграција од Западна Македонија кон источните делови. После 1944 година имаше карактеристична појава во сите републики во тогашна Југославија, а посебно беше интензивна во Војводина каде се вршеше населување на фамилии од сите краишта на ФНРЈ на напуштените имоти од протераните дојчери. Поради тоа се јави неопходна потреба да се утврди фактичката состојба на недвижните имоти. За таа цел, Владата на ФНРЈ во "Службен лист" број 8 од 28.о1.1948 година даде наредба за ревизија на катастарот и доведување на катастарските операти во согласност со фактичката состојба на теренот. Значи, не се работеше за наредба , промена на сопственост

на недвижниот имот, туку да се утврди реалната состојба на теренот поради настанатите миграции. Спротивно на основната намера на наредбата која требаше да се извршува во седиштата на градските и месните народни одбори, некој користејќи ја неприсутноста на сопствениците на имотот, кои по било кој основ го напуштиле тогашното место на живеење, истиот го евидентирале било како општествен, задружен имот или дури се декларирале самите како сопственици, а најчесто тоа биле секретари на тие одбори, при што ширејќи галсини дека имотот е национализиран или одземен, бидејќи е над дозволениот земјишен максимум, без правна основа. Со овој амандман е опфатено враќањето на земјоделски површини, селски семејни куќи и земјоделски површини поради миграцијата село - град во периодот 1945-1954 година и растурање на земјоделски задруги кои не се обработуваат, а куќите се во распаѓање. Овој амандман го предложив од две причини: Да се исправи неправдата што е направена кон поранешните сопственици и второ, постои обратна тенденција, враќање на село од град на поранешните земјоделски производители, што е многу позитивна појава и ние како Собрание треба да ја подржиме.

Понудениот закон за денационализација од страна на Владата, колку се сака да биде правичен и да ги опфати сите оштетени било по кој основ, не може во целина да го стори тоа најправедно и најреално. Владата да ги има предвид сите дискусии по однос на овој закон и со амандманска расправа доста амандмани клучни по одредени членови од овој закон ги прифати.

Во својата дискусија ќе се задржам на одредени членови од овој закон. Првата забелешка е на член 7, каде се вели дека предмет на денационализација не е одземен имот, за кој е определен и примен на-

доместок. По исклучок од став 1 на овој член, ако одземениот имот за кој е примен надоместок, ако постои, имотот може да се врати, а бара- телот должен е да го врати надоместокот. Иако имотот не постои, во членот што е предложено да не се враќа надоместок, мислам дека ако имотот не постои , меѓутоа, не сме рамноправни спрема граѓаните надоместок за тој имот мислам дека треба да се плати.

Со Предлогот на овој закон со одредбата во член 22 се уредува и прашањето за враќање на сопственост на земјоделско земјиште, шуми, шумско земјиште, пасишта и утрини. Во образложението не ми е во целина јасно што се вели да се врши враќаше во оној обем во кој тоа е можно. Во членот 22 јасно се кажува - враќање на земјоделско земјиште, шуми и шумско земјиште, пасишта и утрини. Образложението е да не се навлегува во растурање на комплекси на земјоделско земјиште, односно блокови. Мислам дека тука тоа не држи место заради тоа што , зависи, тие комплекси кои се формирани од какво земјоделско земјиште се фор- мирани, дали од таканаречена државна земја, дали по пат на арондација, дали од комасација, дали се работи над земјоделски максимум, дали е присилно одземен имот или доброволно, односно колку ќе се јават соп- ственици на тие површини и во праксата на теренот ќе се види, самото време ќе покаже колку време и како ќе се изврши. Меѓутоа, прво мора да се води сметка за поранешните сопственици, а потоа за сегашните корисници и на крајот за државата. Пасиштата се повраќаат, исто така се разбира, на физички лица кои ќе докажат сопственост, како што се регулира се друго со овој Предлог закон за денационализација.

Во член 22 од овој закон е предвидено таканаречените селски утрини да се повраќаат, па и овде разбирам повраќај на селски утрини, ако утрината е составена од поранешни сопственици, физички лица, а

немаме повраќај на селски утрини каде месната заедница по селските населби се јавува како сопственик, односно кои селски утрини беа преорувани во плодни обработливи земјишта, од кои се оформуваа земјоделски комплекси. Тоа е секако државно земјиште. Сега дали државата повторно ќе ги претвора во утрини, право е на државата бидејќи доколку дојде до повраќај на овие утрини, многу ќе придонесе за зголемување на сточниот фонд, имајќи ја предвид сегашната состојба каде што имаме намалување на живата стока.

Едно од најтешките прашања, г-динот министер за финансии Таки Фити го потенцира дека тешко може да се најде формула да се понуд најправедно да бидат задоволни трите заинтересирани страни, поранешните сопственици, сегашните сопственици носители на станарско право и државата. Меѓутоа, мислам дека министерот ги имал предвид бројните дискусии на пратениците на Собранието на Република Македонија во расправата по нацрт законот за денационалиазција,и по ова прашање е понудено по прифатливо решение - враќање само на оние стамбени згради и станови во кои не живеат носители на право на користење во тие станови а во стамбени згради и станови во кои живејат носители на право на користење не се враќаат во сопственост, а поранешните сопственицн имаа право на надомест. Реакции има и ќе има и од едните и од другите,но носителите на станарско право реагираат и понатаму остануваат како кирајџии, станбениот проблем продолжува нерешен, а поранешните сопственици на кои имотот по однос на станбени згради и станови им се надоместува од несоодветната надокнада. Меѓутоа, мислам дека во овој закон е понудено прифатливо решение во однос на станбените згради и становите како за поранешните сопственици, исто така и за носителите на станарско право.

Добар е и владиииот предлог поранешните сопственици сами да се определат преку каков надоместок ќе го остварат своето право, а државата во рамките на своите можности, нуди два вида надомест: обврзници А и Б, под А го надоместува одземениот имот 100%, но само во вид на друг еквивалент односно акции во трансформацијата на претпријатијата во кои државата има свој дел преку Агенцијата за приватизација и Агенцијата за санација на банки и обврзници Б: Во овој случај вредноста на имотот е намалена 40% од износот кој не може да биде поголем од 100 иљади германски марки, се исплаќа во еднакви рати во наредните закони

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Хисен Рамадани не е тука.

Дали уште некој се јавува за збор?

Има збор г-дин Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Г-дин претседателе, г-дин министре, дами и господа пратеницикако што тргна дискусијата, имам чувство дека денес ќе им судиме на луѓево кои имале имот и на кој им е национализиран, денес ги судиме и тие се винови затоа што ни прават проблеми. Видете, ми направија поголем дел проблеми затоа што овој имот не само што нема да им го вратиме, туку нема шанса, ова ќе биде најголема фарса невидена на овие простори во ова време. Зошто го велам ова? Затоа што од многу дискутанти од колегите од СДСМ се одеше на тоа дека е потребно , дека треба да се донесе законот, дека сме притиснати дека состојбата е таква, се бара втората транша кредити, не притиска Светската банка, ММФ, но никој не кажа дека ММФ или Светската банка или да кажеме Стејт департментот, никој не кажа дека треба да се носи ваков рестриктивен закон.

Никој тоа не го потенцира. Ова не е закон, ова од последната верзија е далеку, далеку од она што значи рестриктивно. Дури , сигурно дека оваа верзија последната, која ете како мамка треба да ја проголтаме во Парламентот како Предлог закон гази дури во член 8 од Уставот, каде што е гарантирана приватната заштита на сопственоста. Сигурно дека се коси со членот 3 од Уставот на Република Македонија со кој се гарантира правото на сопственост и правото на наследување. Грубо ја ограничува сопственоста и правото на приватна сопственост, ја одзема и ја ограничува способноста без да утврди јавен интерес. Зошто го зборувам ова? Затоа што многу се залагавме дека Ѕе донесеме еден закон кој ќе биде праведен и правичен , дека онаа историска неправда што е направена во изминатите 50-ет години дека ќе се исправи. Во овие изминати 4 години како пратеници на овој состав на Парламентот, еден друг министер за финансии од говорницава јавно повика дека ете , ние ќе доне - семе еден најправичен закон , еден закон кој ќе биде она што треба да служи како пример во светската пракса, се одеше на тоа , грубо ги изманипулиравме луѓето додека ги убедувавме благодарение на "Нова Македонија", "Вечер" дека прво треба да оди приватизацијата затоа што треба да обезбедиме средства, ги мамевме граѓаните рпеку медиумите, телевизијата, режимските весници, ги лажевме со тоа дека прво ќе оди приватизацијата, ќе обезбедиме средства, ќе се акумулираат средства, па потоа ќе оди денационализацијата од тие средства да се обесштетат граѓаните. Од ова нема ништо, се покажува при крајот на нашиот мандат дека не ја завршивме работата и овој закон каков што се предлага мислам дека е уште едно подметнување за сите граѓани и за идната власт Зошто? Ако е ова закон кој не може да се спроведува во наредните 8 месеци, а ќе се применува некаде од две илајдитата година, што значи овој Парламент нема потреба да го разгледува во ваква дадена верзија.

Затоа, ние како ЛДП предложивме да се врати истиот на доработка, со сите оние забелешки во оние фази кои укажуваат , што значи подобрување на самиот текст и вршење на правичност и праведност кон оштетените граѓани.

Многу дискутанти од СДСМ го критикуваат законот. Не можам да верувам која е сега намерата. Се критикува законот, а се фали Владата. Господа пратеници , и Вие од ПДП и Вие од СДС, коалициони партнери, Владата е Ваша заедничка. Зошто истурате бес на законот, а не на Владата. Ако мислите дека законот е лош, не го гласајте, да го вратиме назад на доработка, нека стои замрзнат за овие 8 месеци, затоа што сведоци сме дека толку години се чекаше дека овој закон треба да се донесе и сега при крајот на мандатот кого залажуваме? Ако математиките се во игра, а сигурно се во игра и ако проценките се дека 5 до 7% е гласачкото тело од оние граѓани кои треба нешто да добијат со денационализацијата, сигурно дека законодавецот се пресметал,ги отфрлил тие гласачи и не му се потребни тие гласачи. Но сигурно дека реакциите во јавноста , во меѓународната и нашата во Македонија, нема да оди во прилог на СДСМ, затоа што им ветивме. Ќе биде многу почесно да го вратиме законот на доработка.

Се поставува едно прашање, јас би го прашал министерот, што би се случило еве, како еден од изготвувачите , целиот негов имот да му го конфискуваме сега на министерот и како ќе се чувствува министерот да му го земеме целиот имот и да му кажеме г-дине министре Вие со вашата фамилија ќе чекате следните 50-ет години, ќе Ви го вратиме имотот. Сигурно не би прифатил. И ако тврдевме дека ќе направиме една историска исправка, онаа историска неправда која е направена од

идеолошки карактер дека ќе им вратиме на граѓаните, ништо, со ова ништо не постигнуваме. Уште толку се прави нова груба национализација.

Околу бројките , сигурно не слушнавме од изготвувачот, од Владата , од министерот колку ќе ја чини РМ. Се оперира со разно-разни бројки, се оперира со 19 милијарди марки, 19 милијарди долари, со милион марки, со милијарда долари , ние во овој закон немавме некои параметри. Во самиот закон не се слушна колку се тие анкетирани граѓани, кои се тие анкетирани граѓани, колкав е нивниот имот, колку се становите, бидејќи ако се оперираше со разно-разни бројки на почетокот се оперираше со 5 илјади станови, па 2700 станови, па излегоа некои бројки 176, а во Скопје треба да се врати 161 стан. Сигурно кога зборувам за станови кои се национализирани, не да се направи и друга неправда на тие граѓани кои живеат во станови . Владата имаше решение, оние станови што ги продаваше за багателна цена на пратеници, минис- три, новинари, заслужни граѓани од прва категорија дадени се стотица станови. Со ова можеше да се исправи, што значи она што требаше да се враќа и она што треба да се плаќа. Она што се сака да се наметне во јавноста да се исконфротира на оние граѓани на кои им е национализиран имотот и оние граѓани кои денес со ред случаи живејат  во национализрианите станови и куќи, ние како Ј1ДП не сме за оние граѓани кои живеат сега во национализираните станови да се иселат сега и да се фрлат на улица. Ни случајно, туку апелиравме во сите фази на законот да се води сметка за која категорија на граѓани, затоа што реално имаше можност да се обезбедат станови. И ден денес никој не знае со колкав фонд располага државата. Можеби и ден денес има решение. Од тие причини предлагаме да се врати овој законски проект назад, да се преработи и да ги опфати сите категории на граѓани.

Она што посебно боде во очи е членот 11, она дека само од прв наследен ред се тие кои можат да бидат опфатени.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:** (продолжение)

Многу граѓани веќе има починато. Што ќе правиме со имотите на тие кои од прв ред се починати, затоа што 50 години и она што треба да се враќа 80 години, мислам дека ние како пратеници нема да ги доживееме тие 30 години а не да кажеме на оние што им е одземено пред 50 години и 30, 80 години тоа е нонсенс.

Кога станува збор за група на граѓани кои реагираат што не се третира имотот на Криволак , мислам дека Криволак може да се реши Корисниците да бидат сопственици со државата затоа што знаеме дека ќе оди на продажба или на договор, ќе оди некоја база, знаеме дека за тоа ќе треба да се плаќа па за таа категорија на граѓани постои некој механизам и за тоа треба да се вметне таму и да се изрегулира. Сигурно ќе се каже дека овој законски проект не може да ги реши сите работи , национализацијата експропријацијата, узурпацијата и ред други работи, туку ќе треба со други подзаконски акти почнувајќи од Законот за градежно земјиште па со правото на сопственост и ред други поздаконски акти.

Сигурно дека во овој законски проект требаше да се најде место за одземањето на црковниот имот, на верските заедници . Ние го оставивме да се решава со посебен закон кој никогаш нема да дојде. Знаеме какви беа патешествијата на овој закон. Два пати повлекувам така да никогаш нема да стапи во процедура законот за враќање на имотот на православната црква, затоа што и таму се тактизира а нивното благо, за кое апелираше црквата, шумите барем да се спречи, да се лимитира, затоа што шумските стопанства ги експлоатираат посебно шумите кои припаѓаат на црквите.

Посебно загрижува што му се дава огромно право на Министерството за финансии т.е. на Управата за имотни правни работи каде што со акт на Владата ќе се врши проценката на имотот. Сигурно ќе влеземе во едно време на несигурност кај граѓаните затоа што ќе ги поделиме на тие кои ќе бидат подобни и неподобни. Се јавува на самиот почеток сомнение дека оние граѓани кои ќе имаат да платат ќе им помине, ќе си вратат дел од имотот. Зошто го зборувам ова? Затоа што реакциите на сите граѓани, оние кои имаат имот не веруваат дека на чист начин ќе се врати ова. Мислат дека со ова што се дава право Владата да врши проценка со општ акт ќе се прави нова неправда. Да не се повторуваме, бидејќи има многу рабоди почнувајќи од обврзниците, се она што третира самиот закон стои дека сега кога процесот на присвојување на националното богатство е практично завршено овој предлог закон е обид резултатите на грабежот на некој начин да се озаконат и сеуште важечките права на сопствениците на национализираниот имот се неутрализираат преку издавање на безвредни обврзници.

Останувам на моето кажување дека овој закон треба да се повлече, да се врати назад на доработка во Владата затоа што правиме уште една историска неправда и да не бидеме осудувани од идните генерации.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Владимир Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Г-дине потпретседателе, почитувани дами и господа почитуван министер.

Јас ќе ја избегнам замката да не се повторувам со колегите Доста беше речено и во првата фаза и сега околу општите расправи по овој закон, но чувствувам за потребно телеграфски да си ги кажам своите размислувања околу овој закон.

Прво, зошто толку доцниме, зошто толку доцна се носи овој закон. Ние имавме голема шанса како држава како Парламент овој закон да го донесеме многу, многу порано. Сметам дека овој закон многу доцни.

Недоследноста околу носењето на овој закон се базира на моите информации. Сум човек кој ги запишува јавно искажаните зборови. На оваа говорница при промоција на новата Влада г-динот премиер рече дека законот за денационализација и законот за приватизација треба да се носат паралелно. Дали тоа така се случи? Не. Приватизацијата одамна започна а за денационализација зборуваме денеска.

Се оперираше со тоа дека средствата од приватизацијата дел ќе се искористат за поткрепување и модернизирање на стопанството и заживување на стопанството а дел ќе се искористат за поддршка на денационализацијата. Меѓутоа, така не стана. Парите ги нема, барем така актуелниот министер не известува, значи сакаме да направи денационализација но без пари. Затоа и ние како либерално демократска партија сме против овој закон. Затоа што сметаме дека закон кој се носи , а неговот спроведување ќе биде во некое идно време не ги оправдува очекувањата, затоа што обештетувањето и враќањето на имотите ќе станат во некое догледно време. Ние би го поддржале овој закон и сигурен сум дека ЛДП ќе гласаше до еден пратеник доколку се нудеа решенија кон ќе биодат со комплетно враќање на имотите на сопствениците и надокнада на оние каде што неможе да се врати.

Зошто сега го правиме ова и тоа го правиме под принуда на меѓународните финансиски институции. ,Зошто тоа не го направивме на почетокот. Ја имавме таа огромна можност тоа да го направиме, како што го направија повеќе земји во транзиција, источно - европски земји. Мислам дека за тоа најкарактеристична е Чехословачка која направи денационализација и која располагаше со огромни средства како стопански објекти така и имоти кои вредеја големи пари, меѓутоа со една смислена

политика се направи комплетниот имот да биде расчистен односно вратен. Ваквиот закон за денационализација е атентат и врз демократските процеси во оваа земја.

Исто така можам да кажам дека овој закон уште еднаш ги понижува и изигрува сопствениците и нивните семејства. Ги изигрува затоа што обештетувањето и враќањето со овој закон воопшто не се гарантира или се гарантира во некое идно време.

Сопствениците овој закон ги остава во положба никогаш да не дочекаат да им се врати она што нивните претци со многу пот н одрекнување го стекнале. Тука морам да споменам дека сите тие сопственици со макотрпна работа го стекнале својот имот а и сопственици кои не се третирани со овој закон а кои се вредни , да се присетиме дека по пат на присила или по пат на жигосување како воени профитери или на било кој начин им бил одземен имотот за да никогаш не им се врати. Лично сметам дека се што е можно да се врати треба да се врати. Значи ја испуштивме големата шанса која ја имавме како држава на почетокот. Сега нормално немаме пари, тие се пари се потрошени , некои пари се изнесени надвор од државата, меѓутоа тоа е проблем од друга свера.

Јас и моите колеги од ЛДП знаеме дека овој закон веројатно позицијата ќе го изгласа. Јас лично ќе гласам против овој закон и дадовме некои амандмани, за кои сметам дека веројатно негативно министерот ќе се произнесе а тоа се прашањата околу враќањето на становите, на куќите што сметаме дека е реално имотот кој е тука треба да се врати на сопствениците, а додека решението за тие сопственици кои живеат во тие згради треба да се најде по пат на издавање на станови кои така широкогрудо Владата ги доделуваше за багателни цени. Некој рече дека сеуште има и верувам дека има станови кои се празни или се користи на незаконски начин.

X/5

Друго, тука не се спомнати а треба да се спомнат сопстве- ници на стопански објекти. Ние знаеме дека во Македонија, колку и да била Македонија неразвиена имала некое свое стопанство, имало стотина објекти, банки и акционерски друштва. Тие на никој начин не се третираат со овој закон, а секако дека ќе треба да бидат опфатени.

Исто така за наследството многу колеги рекоа. Овој закон точно посочува дека Владата со овој закон на еден многу лукав начин сака со членот каде што ги третира наследниците од прв ред, а тие знаеме веќе во која старост можат да дојдат, значи никогаш нема да дочекаат имајќи во предвид нивната старост, да си го повратат имотот или да осетат благодет од надоместокот, затоа што тие по неколку го- дини, да не претпоставувам, бидејќи се стари луѓе нема да дочекаат да го користат благодетот од нивните стари дедовци кои со пот го стекнувале овој имот.

На крај да кажам дека законот до колку биде вратен и преработен сметам дека ќе има место да се задоволат сите страни, а во овој случај ќе гласам против.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Молам кој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Пред да отвориме расправа по текстот на Предлогот на законот предлагам да направиме пауза до 16,30 часот.

(пауза од 15,55 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,55 часот)

Со седницата продолжи да раководи г-дин Џеладин Мурати, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Продолжуваме со работа.

Пратеничката група ЛДП поднесе Предлог на заклучок кој Ви е поделен.

Кон Предлог - заклучокот се придружи и пратеникот Томислав Стојановски.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака? (15 пратеници).

Дали има некој против? (48 пратеници).

Дали некој се воздржува од гласање? (Еден пратеник).

Констатирам дека предложениот заклучок не е усвоен.

Продолжуваме со општиот претрес по Предлогот на Законот за денационализација.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за политички систем поднесе амандман на член 23 за менување на став 2 и истиот го повлече.

Комисијата за политички систем поднесе амандман за менување на член 23 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Мирко Пецов поднесе амандман на член 47 став 3 точка 3 алинеја 1 по кој Владата не се произнела.

Комисијата за економска политика и развој поднесе амандман на член 20 став 6 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Вељо Тантаров и Јане Ангеловски поднесоа амандман на членот 11 по кој Владата не се произнела.

XI/2

Комисијата за замјоделство, шумарство и водостопанство поднесе амандман на член 11 став 1 и на член 20 став 6 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Ристо Трајков, Живко Јанкуловски и Славко Котевски поднесоа амандман на член 9 за бришење на став 3, на член 11 став 1 и на член 20 став 6 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Славко Котевски поднесе амандман на член 7 став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Сами Ибраими поднесе амандман за менување на член 23 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Сами Ибраими, Наџи Пурде, Хисни Шакири, Зекир Кадриу и Рами Туда поднесоа амандмани на член 9 став 1 за бришење на точка 2, на член 9 став 1 за додавање нова точка 7, член 22 за менување на став 1, член 23 став 2, член 38, член 47 став 3, точка 3 алинеја 1 и на член 51 став 1 по кои Владата не се произнела.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 48 став 2, член 51 став 1, член 59 став 1 и член 67 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 3 за додавање на нов став 2, на член 31 став 2 и за бришење на член 69 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Аце Коцевски, Владимир Станковски, Љупчо Мешков, Слободан Најдовски и Слободан Даневски, поднесоа амандмани на член 9 став 1 за бришење на точка 2, член 9, став 1 за додавање нова точка 7, член 22 за додавање нов став 3, за менување на член 23, член 38, член 47 став 3, точка 3 алинеја 1 и член 51 став 1 по кои Владата не се произнела. Кон предлагачите на овие амандмани се приклучи и пратеникот Владимир Соколовски.

Пратениците Газменд Ајдерага и Сејфедин Харуни поднесоа амандмани на член 6 за бришење на ставот 2 и 3, и на член 9 став 1 за додавање на две нови точки 7 и 8 по точката 6 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Сејфедин Харуни и Газменд Ајдерага поднесоа амандман на член 2 став 1 точка 6 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Димитар Трпеновски поднесе амандман на член 39 став 1 за додавање нова алинеја 7 по алинејата 6 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ристо Трајков поднесе амандман на член 2 за додавање нова точка 9 по кој Владата не се произнела.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандмани на член 3 за додавање нов став 2 по ставот 1, член 11 и за менување на член 23 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Већо Тантаров поднесе амандмани на член 9 став 1 за бришење на точка 3, за додавање нов член 22 - а и за бришење на членовите 7 и 8 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Драган Митевски поднесе амандман на член 11 став 1 и за додавање нов став 2 по ставот 1 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Аце Коцевски поднесе амандман на член 11 став 1 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Аце Коцевски и Томислав Стојановски поднесоа амандман за менување на член 23 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Владимир Соколовски поднесе амандмани на член 6 за менување на став 2 и на член 23 став 2 и за додавање нов став 3 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1 точка 6 поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Газменд Ајдерага.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (4 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 став 1 точка 6 поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Газменд Ајдерага.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за додавање нова точка 9 поднесен од пратеникот Ристо Трајков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Кој друг бара збор?

Има збор г-дин Ристо Трајков.

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитуван министре, Ова дополнување на членот 2 го предложив бидејќи сум убеден дека во Македонија воени профитери нема. Можеби на ниво на Југославија, во

времето на носењето на овој закон постоеле. Но, во Македонија верувам дека немало.

Затоа предлагам во член 2 да има точка 9 во која ќе биде опфатен и Законот за земање воена печалба донесен 1945 односно 1946 година, бидејќи тој Закон не е опфатен никаде.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(7 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 за додавање нова точка 9 поднесена од пратеникот Ристо Трајков.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за додавање нов став 2 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Ова се однесува за давање на имот под присила, амандманот се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Констатирам дека амандманот е составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Го немам амандманот.

Фактички ова сега што го прифативме е истото сега што е овде. Тоа е идентично, така што е во ред.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Значи, амандманот е составен дел.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за бришење на ставовите 2 и 3 поднесен од пратениците Газменд Ајдерага и Сејфедин Харуни.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Кој е за, молам да крене рака? (4 пратеници). Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 за бришење на ставот 2 и 3 поднесен од пратениците Газменд Ајдерага и Сејфедин Харуни.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за менување на ставот 2 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господин Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги,

Со овој амандман се обидувам да направам една мала дистинкција меѓу градежно земјиште што е урбанизирано и на кое има направено во меѓупериод станбени или било какви објекти и градежно земјиште што е урбанизирано а нема такви објекти.

Сметам дека вториот случај, градежно земјиште што е урбанизирано а нема такви објекти направено треба да биде предмет на овој закон. Да не го решаваме со посебен закон за градежно земјиште, како што е назначено, бидејќи практично сите компликации настануваат токму со оние стопански и градежни објекти направени на урбанизирано градежно земјиште и што, поради тие правни недоречености во законот, бараме посебен закон. Сметам дека ваква мала дистинкција треба да се прифати.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (13 пратеници).

XI/8

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 став 2 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Отворам претрес по амандманот за бришење на членовите 7 и 8 поднесени од пратеникот Вељо Тантаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН** МУРАТИ:

Дали некој друг бара збор?

Има збор господин Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, при одземањето на имотите на граѓаните со присилните закони, со Законот за аграрна реформа не беа прифатени надоместоци за одземените имоти, а со Законот за национализација, со Законот за аграрниот минимум беа предвидени процени и надоместоци за одземените имоти.

При определувањето на процената на одземениот имот таа проценка ја вршеше власта односно тие што ги грабеа тие имоти без присуство на сопствениците од кои се одземаат имоти. Така беше со одземањето на станбените објекти и земјоделските површини.

Во тоа време некои, под присила примија надоместоци, а некои не. Инаку, како што реков во расправата по овој закон за одземената земја со Законот за аграрен минимум беше одреден надоместок од 300-1000 денари на еден хектар, односно надоместок во висина од едногодишно производство од земјата што ја земаше.

Со овој надоместок што се плаќаше и повеќе години не можеше годишно да се купат ни опинци, па ниту една вреќа пченка за прехрана на фамилијата.

Сметам дека денеска ако ги исправаме овие неправди, овие два члена од законот треба да се бришат и имотите на овие оштетени граѓани да се вратат така како што се враќаат и другите имоти предвидени со другите членови.

Инаку, надоместокот што е даден за овие имоти, како што реков пред малку е минимален, симболичен, а користа на државата беше сто и повеќе пати поголема од тоа што го даде како надоместок. Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-дин Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Само сакам да појаснам една работа, односно ставот 2 на членот 7 е многу јасен. Ако некој примил надомест а не е задоволен од надоместокот, законот дава можност да го врати надоместокот според Уредбата односно Методологијата на Владата за проценка на вредноста на одземените имоти и да го поврати назад имотот. Тоа право се дава на поранешниот сопственик. Она што го бара господинот пратеник, мислам дека е содржано во членот 7 став 2.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (8 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на за бришење на членовит е 7 и 8 поднесен од пратеникот Вељо Тантаров.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 2 поднесен од пратеникот Славко Котевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Кој е за, молам да крене рака? (3 пратеници). Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 7 став 2 поднесен од пратеникот Славко Котевски.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 1 за бришење на точка 2 поднесен од пратениците Сами Ибраими, Наџи Пурде, Хисни Шакири, Зекир Кадриу и Рами Туда и од пратениците Аце Коцевски, Владимир Станковски, Љупчо Мешков, Слободан Најдовски, Слободан Даневски и Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

XI/11

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Амандманот се повлекува.

Беше повлечен од пратениците од ЛДП. Има пратеници од друга партија.

Ве молам бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Ниту еден пратеник).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 став 1 за бришење на точката 2 поднесен од пратениците Сами Ибраими, Наџи Пурде, Хисни Шакири, Зекир Кадриу и Рами Туда.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 1 за бришење на точка 3 поднесен од пратеникот Вељо Тантаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господин Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Сигурно, министерот ќе рече за некој амандман се прифаќа, меѓутоа ќе треба да почекаме сигурно подолго време.

Инаку, во членот 9 став 3 вели дека не се враќа во сопственост а се дава надоместок за национализиран сточен фонд: стада овци, кози, крупен добиток и друг сточен фонд.

XI/12

Јас сметам дека нашава држава има доволно таканаречени државни овци од стоковите резерви што се наоѓаат низ нашиве сточарски задруги и комбинати, и дел од тие овци можат да се вратат на сопствениците на кои им се одземени овците или пак ако не сакаат можат да добијат надоместок во пари.

Сметам дека со ова државата нема да биде оштетена, напротив ќе добие, а сигурно ќе се намалат барањата за кредити за купување на нов добиточен фонд на овци.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (14)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 став 1, за бришење на точка 3 поднесен од пратеникот Вељо Тантаров.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 1 за додавање нова точка 7, поднесен од пратениците Сами Ибраими, Наџи Пурде, Хисни Шаќири, Зеќир Кадриу и Рами Туда и од пратениците Аце Коцевски, Влади- мир Станковски, Љупчо Мешков, Слободан Најдовски, Слободан Даневски и Владимир Соколовски.

Господинот Владимир Станковски има процедурално прашање.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Господине потпретседателе јас мислам дека правите една мала грешка, а таа грешка е што амандманите на Пратеничката група на ДПА и на ЛДП ги правите како да е тоа заеднички амандман. Јас ве молам тие имаат свое време и број кога се поднесени. Значи приоритет има она кое е прво предадено, ако се однесува за истите. Ве молам амандманите поединечно да ги ставите на дневен ред.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Според ова што овде е дадено амандманите на ДПА се поднесени пред вашите амандмани, а станува збор за иста содржина. Јас не ги читам заедно ги читам, велам и од Пратеничката група. Значи ги одвојувам.

Ве молам амандманите на пратениците од ДПА се поднесени на 9 април 1998 година, во 11,45 часот, амандманите на Пратеничката група

на ЛДП се поднесени на истиот ден на 9 април во 16,15 часот. Ова е.

(Дофрлување од место)

Се работи за истите амандмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амаднманите.

Има збор господинот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (3)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 став 1 за додавање нова точка 7, поднесен од пратениците Сами Ибраими, Наџи Пурде, Хисни Шаќири, Зеќир Кадриу, Рами Туда и од пратениците Аце Коцевски, Владимир Станковски, Љупчо Мешков, Слободан Најдовски и Владимир Соколовски.

Господинот Владимир Станковски има процедурално прашање.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, јас не би сакал да влијаам на текот на седницата. Меѓутоа ќе укажам на едно искуство на овој Парламент.

Кога се носеше законот за локална самоуправа, за определување на општините, популарно речено, исто така постоеа амандмани кои беа со иста содржина, меѓутоа конкретно за Горче Петров, победи тој амандманот кој јас го поднесов, а потоа беше третиран амандманот ако се добро сеќавам на господинот Давидовски. Значи имаме различен приод. Јас ве молам нашите амандмани да ги издвоите од другите пратенички групи.

XII/3.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Станува збор за технологија на обработка на сценариото за работата на оваа седница на Собранието.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 1 за додавање две нови точки 7 и 8 по точката 6, поднесен од пратениците Газменд Ајдарага и Сејфедин Харуни.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор господинот Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, почитуван министер, два претходни амандмана кој што ги поднесовме заедно со господинот Харуни не поминаа. Јасно. Мислам дека ред беше нешто и да помин Но сепак тоа е право на Владата така да постапува.

Меѓутоа, јас сепак осеќам за потреба да укажам на една рабо- та на што се однесуваат амандманите.

Амандманите кои не беа прифатени се однесуваат на работи кои така да кажам се изјаснува Владата дека не ги прифаќа од познати причини. Меѓутоа, овде, таму стануваше збор за градежното земјиште и се бараше да биде опфатени градежното земјиште. Во законот и во образложението е дадено образложение дека тоа ќе се регулира со посебен пропис. Јасно ми е дека ќе се регулира меѓутоа кога? Можеби следниот мандат. Така нека биде. Меѓутоа овде, со овие две точки што се нудат не се справи ништо лошо што може да ја расипе концепцијата на Законот.

Наиме со член 9 е регулирано прашањето што не се враќа во сопственост а се дава надоместок. Има 6 точки а јас барам да се додадат уште две нови точки. Имено, станува збор, под 7 одземеното градежно земјиште кое послужило за реализација на урбанистичките планови во општина и осмо експропријаниот имот во корист на државата (куки, станови, деловен простор, дворни места, шупи и други помошни простории). Сакам да кажам дека не се бара да се враќаат во сопственост, туку да може да се даде надоместок. Мислам дека тоа е во ред и право е да се даде. Како ќе ја поднесуваме.

ќе ја поднесуваме различно денационализацијата. Едни скроз ќе бидат изгорени, други можат и да враќаат. Мислам дека такво право е и противуставно. Така, ако земеме и овој закон го дадеме на Уставен суд, претпоставувам дека ќе доживее паѓање особено по однос на ова прашање. Затоа јас барам доколку сметате за потребно да биде поддржан од страна на пратениците овој амандман.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (8)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 став 1 за додавање две нови точки 7 и 8 по точката 6, поднесени од пратениците Газменд Ајдарага и Сејфедин Харуни.

Отворам претрес по амандманот на член 9 за бришење на став 3, поднесен од пратениците Ристо Трајков, Живко Јанкуловски и Славко Котевски.

Го молам претставникот на Владата господинот Таки Фити да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (7)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 за бришење на став 3 поднесен од пратениците Ристо Трајков, Живко Јанкуловски и Славко Котевски.

Отворам претрес по амандманот на член 11 став 1 поднесен од Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство, поднесен од пратениците Вељо Тантаров, Јане Ангеловски, од пратениците Ристо Трајков, Живко Јанкуловски и Славко Котевски и од Комисијата за финансирање и буџет.

Го молам претставникот на Владата господинот Таки Фити да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Амандманот станува составен дел на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 11 став 1 поднесен од пратеникот Аце Коцевски.

XII/6.-

Го молам претставникот на Владата господинот Таки Фити да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Јас мислам дека станува збор за амандман со иста содржина, така да се елиминира онаа рестриктивна точка која вели само наследници од прв ред. Така да претходно тоа го прифативме.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Јас немам никакви замерки на министерот, му благодарам што амандманот е прифатен. Јас имам замерки до претседавачот кој ја води седницата затоа што нема исти критериум сега во однос на претходните случаи. Претходно му беше аргументација со иста содржина амандманите и затоа амандманите на Ј1ДП ги читаше заедно со амандманите на Пратеничката група на ДПА. Сега во случајот мојот амандман го издвојува со амандманите со иста содржина чиј предлагачи се други пратеници. Значи тие што ви го правеле сценариото лошо ве информираат. Ве молам да бидете принципиелни и да ја водите седницата така како што треба.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам јас ништо не правам овде. Јас имам пред себе сценарио каде пишува кој го поднесува амандманот и за што станува збор. Ве молам овде тоа пишува. Јас го немам амандманот пред себе.

**АЦЕ К0ЦЕВСКИ:**

Требаше да прочитате како и претходните.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Јас читав, реков отворам претрес по амандманот на член 11 став 1, поднесен од пратеникот Аце Коцевски.

Значи амандманот не се прифаќа.

Бидејќи амандманот не е прифатен го ставам на гласање.

Господинот Коцевски го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 11 став 1 и за до- давање на нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратеникот Драган Митев- ски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

**ДРАГАН МИТЕВСКИ:**

Јас го повлекувам ставот 1 од член 11 став 1, бидејќи е прифатен од страна на Владата. Меѓутоа истиот амандман има став 2 каде што вика на седниците на поранешниот сопственик на вратениот имот во сопственост или даден надомест не плаќаат данок на наследство. Меѓутоа, според Законот за наследување само од прв наследен ред не плаќаат наследниците данок на наследство. Сега со усвојување само на прв наследен ред да се тргнат а останатите кои ќе се појават во втор, трет и така натаму наследен ред, ќе треба да плаќаат данок на наследство. За да не стане тоа, а со оглед на тоа што се работи за подолг временски период каде што се изумрени, да кажеме и од првиот наследен ред, сега се јавуваат во втор наследен ред, а и од причина што со овој закон како специјален закон каде се регулира наследството, а не е закон за наследување, сметам дека треба да се усвои овој амандман

со став 2 и сите да не плаќаат данок, по било кој основ да се јават за наследството и од било кој наследен ред да се тие, бидејќи со присилните прописи кои биле на снага до денес така да кажам, или во онаа време, на наследниците кои не биле во прв наследен ред не им било дозволено да бидат во прв наследен ред со овие присилни прописи и тие практично сега ќе се појавуваат ако овој закон не постоел а и порано би се појавувале секогаш во прв наследен ред. Од тие причини барам да биде вметнат овој став 2, значи да не плаќаат наследниците од било кој наследен ред на имотот или на надоместокот, данок на наследство. Инаку ако остане само да се брише претходниот став што го усвои Владата, тогаш сите други натаму по Законот за наследување ќе плаќаат данок на наследство. За тоа мислам дека треба добро да се размисли бидејќи ќе ги ставиме во нерамноправна положба, затоа што ако не биле овие присилни законски прописи они нормално би си наследувале и би се јавувале во прв наследен ред и не би плаќале данок.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам имаме еден амандман, не два.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресрт по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (10)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 11 став 1 и за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратеникот Драган Митевски.

Отворам претрес по амандманот на член 2 0 став 6 поднесен од Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство и од пратениците Живко Јанкуловски и Славко Котевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот се прифаќа.

XIII/1/РД/лј

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 20 став 6 поднесен од Комисијата за екон омска политика и развој.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор? Го заклучувам претресот по амандманот амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 20 став 6 поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Отворам претрес по амандманот на член 22 на став 1 под- несен од пратениците: Сами Ибрахими, Наџи Пурде, Хисни Шакири, Зекир Кадриу и Рами Туда.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор? Го заклучувам претресот по амандманот амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 22 за менување на став 1 поднесен од пратениците Сами Ибраими, Наџи Пурде, Хисни Шакири, Зекир Кадриу и рами Туда.

XIII/2.-

Отворам претрес по амандманот на член 22 за додавање нов став 3 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Владимир Станковски, Љупчо Мешков, Слободан Најдовски, Слободан Даневски и Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара з бор?

**АЦЕ К0ЦЕВСКИ:**

Суштината на овој амандман е да се направи обид, предмет на некогаш одземениот имот на градежно земјиште да биде во законот за денационализација, односно да се чека новиот закон за градежно земјиште. Мојот став е дека тоа би ја чинело државата поефтино и дека единствено исправно е да биде предмет на овој закон, меѓутоа, затоа што овој член, односно овој амандман нема никаква смисла, бидејќи претходно не беа прифатени амандманите на член 9 и претх одно на член 6, мислам дека нема резон воопшто да се става на гласање и од тие причини го повлекувам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 22 поднесен од пратеникот Вељо Тантаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор? Го заклучувам претресот по амандманот амандманот го ставам на гласање.

XIII/3.-

Кој е за, молам да крене рака? (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 22-а поднесен од пратеникот Вељо Тантаров.

Отворам претрес по амандманот на член за менување на член 23 поднесен од Комисијата за политички систем.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 23 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Владимир Станковски, Љупчо Мешков, Слободан Најдовски Јован Даневски и Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа, меѓутоа дозволете да дадам неколку објаснувања овде бидејќи почувствував дека останав должен и пред пратениците. Овој амандман што претходно го прифативме се однесува за оние станови кој што имаат поранешни сопственици, а во нив живеат луѓе кои што имаат право на користење, односно стекнале станарско право и овој амандман се однесуваше токму на оние луѓе кои што имаат станарско право и кои имаат свој стан или куќа, тие треба едноставно да ги вратат на поранешните сопственици. Тоа беше амандманот врзан за Комисијата за политички систем и тоа е она што овде го правиме како отстапка и мислам дека е праведно така да се прифати. Луѓето кои што живеат во станови кои што имале поранешни сопственици, а имаат своја куќа или свој стан, треба да го отстапат на поранешните сопственици. За жал другите амандмани врзани со ова и овој амандман што дополнително сега се поднесе, Владата не може да го прифати. Мене ми беа поставени неколку пати прашања,од каде таа бројка од 2000станови,

меѓутоа, знаете јас тоа го кажав на конференцијата за печат и некако излегува дека секогаш кога ќе каже Владата не се верува, а се верува на оние работи кои што излегуваат и кои што се непроверени. Ве молам, ние ништо не кажавме на памети еве заради пратениците сакам да го знаете почитувани пратеници следното. Врз база на анкетата што ја спроведе Министерството за финансии беа доставени 1454 пријави побарувања на станбени згради. Меѓу тие 1454 пријави 42 беа двојни. Значи двапати поднесени. Кога ќе се намали износот за 42 од 1454 се добиваат 1412 пријави кои што се однесуваат за станбени згради. Пресметано е дека фактички станува збор за 2 600 станови од кои што 674 постојат ден денес. Што не значи дека овие што не постојат не се предмет на обештетување. Се плаќа надомест. Исто така, беа поднесувани пријави за станови. Вкупно беа поднесени барања на поранешни сопственици за одземени станови 86 од кои двојни 8, така да нето остануваат 88. И кога ќе се земе тоталот на вкупниот број пријави врзани за станови ја имаме следната ситуација. Поднесени пријави 154 станови, според пресметките 2683 од кои што постојат физички натурално 706. На точноста на пресметката влијаат следните фактори. Мислам дека пратениците треба тоа да го знаат. Прво точноста на исказите во пријавите. Тука не може министерството за финансии да влијае. Луѓето врз база на формуларите што ги дадовме, поднесуваат пријави и сега колку беа тие објективно точни, ние не можеме да имаме во тоа посебен увид. Во 30% случаи од пријавените згради не е наведен број на станови и направена е проценка според пријавената површина. Таа пријавена површина е делена со $80м^2$ просечна по стан. Значи сме земале за еден стан $80м^2$ и во мал дел од пријавите не е наведен ниту бројот на становите, ниту површина и тие се проценети во однос една зграда еден стан. Затоа сметаме дека оваа бројка која што јас ја кажав

апроксимативно 2000 е навистина горе долу реална, од која што околу 700 станови постојат физички. Другите не постојат меѓутоа, ќе треба исто така да бидат предмет на обештетување, односно надоместување според генералните решенија во законот за денационализација.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој друг бара збор?(Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

8 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член поднесен од пратениците Аце Коцевски, Владимир Станковски, Љупчо Мешков, Слободан Најдовски, Слободан Даневски и Владимир Соколовски.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 2 3 поднесен од пратеникот Сасми Ибрахими.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за да крене рака? (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 23 поднесен од пратеникот Сами Ибрахими.

XIII/6 . -

Отворам претрес по амандманот за менување на член 2 3 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

3 пратеници гласаа за.

Констатирам дека собранието не го усвои амандманот за менување на член 23 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 23 поднесен од пратениците Аце Коцевски и Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**АЦЕ К0ЦЕВСКИ:**

Ова се повеќе варијации на иста тема. Суштината на овој амандман е да се овозможи поранешните сопственици на станови да бидат доведени во ситуација, според законот да им се вратат некогашните станови во кои живееле тие лично или нивните претци. Со тоа мислам дека ќе се донесе едно праведно решение од страна на парламентот, а од друга страна Буџетот на Република Македонија, односно денационализацијата ке ја чини нашата земја многу помалку,. отколку што е пред- видено, затоа што треба да се раководиме од принципот да се врати се она што физички може да се врати, за да не мора да се плаќа во кеш.

XIII/7 . -

Не би ссакал повеќе да задржувам , беше доволно кажано околу оваа работа во општата расправа, но мислам дека парламентот ќе направи голема грешка доколку не го прифати овој амандман.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ТАКИ ФИТИ:**

Сакам заради јавноста и пратениците да објаснат зошто Владата не го прифати овој амандман. Инаку, е некое решение која што е застапено во поголем број на земји во транзиција. Фактички овој амандман бара меѓу другото да се признае правото на сопственост, се враќаат становите на поранешните сопственици во сопственост, а правото на користење, или станарското право ќе се трансформира во закупнички однос. Меѓутоа, дилемите што настанаа кај нас се од уставен аспект. Бидејќи вие де факто ги враќате становите во сопственост, а го ограничувате правото на сопственост, бидејќи едноставно инсистирате тоа д се претвори во закупнички однос. Според тоа и тоа решение може да се судри со некои основни принципи врани со Уставот и затоа Владата појде на ова друго решение.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИЈ!**

Овој амандман мислам дека е компромис, кој што не беше досега разгледуван, бидејќи практично се она што министерот го елаборира тука е содржано. Содржано е дека конечно решение ќе се најде во согласност со реалните можности на државата и корисникот. Ако државата понуди стан од оној стан што мора да го стори тоа во било која варијанта. Значи решението е тука. Ако самиот корисник се снајде некако и го ослободи станот, тогаш практично станот си го добива поранешниот сопственик. Многу важен е тука новиот стан што е ставен дека закупнината нема да биде поголема од закупнина на државни станови

XIII/8. -

Тој е многу важен елемент значи елиминираме уцени и некои работи што би значеле овие луѓе да одат на улица. Мислам дека практично она што министерот во своите уводни забелешки се задржа дека тука е вградено без оглед, се разбира на опасноста дека може би уставно ќе бидеме држава. Но, јас г-дине министре ве охрабрувам дека сигурно половина од овие членови уставно ќе бидат дискутабилни. Ако бидат половината, нека биде и овој, затоа што едно од крупните проблеми во целиот овој закон, мислам дека го решаваме и со тоа елиминираме ако не повеќе може би третина од она што значи процес на денационализација. Мислам дека добро е да најдеме доблест, а вие тука сте на потег практично да ја изненадиме позитивно јавноста дека Владата навистина размислува и еволуирала навистина во текот на една недела од она што го разгледувавме минатата недела. И деловнички ако ми дозволи претседателот ќе интервенирам дека сите ние го нарекуваме овој закон историски важен и потполно сум согласен со асоцијацијата на г-дин Гошев дека после уставот ова е најважниот и најтешкиот закон кој што во оваа држава ќе биде донесен. Се ова за сите нас и за целата јавност има таква квалификација, само нема таква квалификација и нема такво однесување за жал, од МРТВ кое што минатата седница ја префрли на трета програма и не можеше јавноста да ја следи. Информиран од прав момент да не се случи тоа и денеска, бидејќи оваа седница ја следи целата јавност.

**ЏЕЈХАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор по амандманот?

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Јас му благодарам на министерот што кажа дека во најголем број земји во транзиција ова е многу често применувано решение, што значи дека сите искуства од другите земји во транзиција упатуваат на тоа дека

ова е навистина добро и компромисно решение, освен ако уставниот суд не одлучи поинаку, затоа што не ги доведува во нерамно- правна положба ниту поранешните сопственици,ниту сегашните корисници на станот, меѓутоа и самата категорија што се внесува во законот на право на стан, фактички тоа е дискутабилна категорија која не постои со Уставот во Република Македонија. Тврдам дека Владата на Република Македонија, доколку имаше желба да го реши овој проблем, ќе можеше тоа да го направи, затоа што државата до скоро располагаше, со незнам колкав фонд и наместо да ги даде становите на пратеници, министри, вработени во државната управа или лојални новинари и претходно на заслужните граѓани, ќе можеше, тоа огромно богатство на државата тоа да го реши за барем еден голем дел од овој проблем, а што се однесува до бројките кои ги кажа министерот , јас би изразил една јавна резерва, не затоа што не му верувам, туку затоа што сите информации кои до нас стигнуваат од здружението на граѓани кои се поранешни сопственици се изнесуваат сосема поинакви бројки, имајќи го предвид фактот дека најголем број од тие станови се градени пред земјотресот, односно се стари згради, што значи дека дел од нив се срушени заради изградба на некои јавни објекти, или срушени од земјотресот и нивните податоци најнови зборуваат дека всушност, се работи за 157 станбени единици, а не за околу 2000 колку што кажа министерот за финансии. Исто така, би саскал да го замолам министерот за финансии, ако сака да објасни, за претходно усвоениот амандман, што ќе преземе Владата за да го заштити буџетот и државата, од оние сопственици на станови односно корисници на станови кои сега живеат во национализирани станови, од можните злоупотреби но моментот на стапување на овој закон во сила, да се спречи злоупотребата и манипулациите и своите станови во кои живеат да ги препишат на своите деца да прават фиктивни разводи итн.,

само за да се прикажат пред државата дека не поседуваат сопствена станбена единица со цел да ги задржат национализираните станови. Дали Владата размислува да предложи некое решение, затоа што до моментот на стапување на сила на законот има доволно време во која постојат можности за манипулации, а буџетот и државата треба да бидат заштитени од тоа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (8)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 23, поднесен од пратениците Аце Коцевски и Томислав Стојановски.

Отворам претрес по амандманот на член 23 став 2 поднесен од пратениците Сами Ибраими, Наџи Пурде, Хисни Шаќири, Зеќир Кадриу и Рами Туда.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор министерот Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака? (никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 23 став 2, поднесен од пратениците Сами Ибраими, Наџи Пурде, Хисни Шаќири, Зеќир Кадриу и Рами Туда.

Отворам претрес по амандманот на член 23, став 2 и за додавање нов става 3 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор министерот Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака? (6)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 23 став 2, за додавање нов став 3, поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Отворам претрес по амандманот на член 31 став 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор министерот Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака? (4)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 31 став 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Отворам претрес по амандманот на член 38 поднесен од пратениците Сами Ибраими, Наџи Пурде, Хисни Шаќири, Зеќир Кадриу и Рами Туда.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака? (1)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 38 поднесен од пратениците Сами Ибраими, Наџи Пурде, Хисни Шаќири, Зеќир Кадриу и Рами Туда.

Отворам претрес по амандманот на член 38 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Владимир Станковски, Љупчо Мешков, Слободан Најдовски, Слободан Даневски и Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

XIV/4

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Коцевски

**ЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Содржината на членот 38 кој беше основа за поднесување на амандманот е исто така едно непринципиелно и неправедно решение кое ги доведува во нерамноправна положба граѓаните на Република Македонија според нејзиниот устав затоа што граѓаните на Република Македонија поранешни сопственици кои биле газди и сопственици на фирми и претпријатија според Законот за трансформација на општествениот капитал имаат право 100% да си ја вратат вредноста на својот некогаш одземен имот преку резервирањето на акциите во тие претпријатија, додека граѓаните кои ќе се одпучат да си го надоместат имотот преку обврзниците од серијата Б се обештетени затоа што максималниот износ на вредноста која можат да ја добијат е обезвреднет за 60%, доколку на тоа се додаде фактот дека германската марка просечно годишно има инфлација од 3% што значи за еден 30 годишен период најмалку за 50% ќе девалвира вредноста која тие треба да ја добијат и ако на тоа се додаде максималната висина што можат да ја добијат е 100 илјади ДМ зборува за апсурдноста на ова решение кое е многу непринципиелно, некоректно и неправедно според некогашните сопственици на имоти во нашата земја како што е исто така некоректно и решението со обврзниците од серијата А затоа што ги доведува во ситуација граѓаните - поранешни сопственици да купуваат акции и удели од претпријатија кои единствено се дадени на продажба на берзата,

XIV/5

односно претпријатија за кои не е сигурно дали ќе работат профитабилно, затоа што акциите на успешните фирми не се даваат на продажба.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор,, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање?

Кој е за молам да крене рака? (7)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 38 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Владимир Станковски, Љупчо Мешков, Слободан Најдовски, Слободан Даневски и Владимир Соколовски.

Отворам претрес по амандманот на член 39 став 1 за додавање нова алинеја 7 по алинеја 6, поднесен од пратеникот Димитар Трпеновски. Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор министерот Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака? (ниеден)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 39 став 1 за додавање нова алинеја 7 по алинеја 6, поднесен од пратеникот Димитар Трпеновски.

XIV/6

Отворам претрес по амандманот на член 47 став 3 точка 3, алинеја 1 поднесен од пратеникот Мирко Пецов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Пецов.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Почитувани пратеници, сакам на кратко да објаснам зошто го поднесов овој амандман. Произлегува од праксата на мојата изборна единица, а по општата расправа гледам дека произлегува и од тоа што доста на широко зборуваше на таа тема г-динот Вељо Тантаров и други пратеници што инаку во праксата е случај што во судовите има многу тужби кои се поднесени од поранешни сопственици на шуми и шумски посеви кои по војната, знаеме, имаше еден период да биде модерно да се поопштествуваат имотите. Има еден подолг период од педесетина години каде се одземаат поголеми шумски поседи на селаните пред се во пасивните краишта и се доделуваше како општествено земјиште или на јавните шумски претпријатија. Сега во овој период сопствениците сакаат да си ги повратат шумите и поднесуваат тужби до судовите. Меѓутоа, судовите го чекаат овој закон, да се донесе законот за денационализација и да почнат да ги решаваат овие спорови.

Јас зборував на Законодавно - правната комисија тие рекоа дека може во претходна постапка да се решаваат такви случаи, меѓутоа, бидејќи може и бидејќи е пракса да се чека Законот за денационализација јас предлагам да се донесе оваа измена, односно овој амандман да се прифати со тоа ќе ги охрабриме судовите, а и поранешните сопственици да си дојдат до имотите бидејќи во пасивните краишта тоа е единствено место на кое можат поранешните сопственици на имотите оти друго немале, имале некој посеви и ако сакаме да се враќаат луѓето во тие пасивни места мислам дека треба да им овозможиме да си дојдат до нивниот поранешен имот кој со векови го поседувале.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака? (никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 47 став 3 точка 3, алинеја 1 поднесен од пратеникот Мирко Пецов.

Отворам претрес по амандманот на член 47, став 3, точка 3 алинеја 1 поднесен од пратениците Сами Ибраими, Наџи Пурде, Хисни Шаќири, Зеќир Кадриу и Рами Туда.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 47 став 3 точка 3 алинеја 1 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Владимир Станковски, Љупчо Мешков, Слободан Најдовски, Слободан Даневски и Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Јас сакам да кажам во врска со овој амандман кој го поднесуваме дека во сите организирани држави државата поседува документи, а посебно документи за сопственост.

Со овој амандман сакаме да ја прошириме можноста со повеќе документи да се докажува сопственоста и со тоа да им овозможиме на оние сопственици кои од било која причина не ги поседуваат документите да ја докажат сопственоста. Со тоа ја прошируваме базата, да кажам, со решенија, проекти, градежни дозволи и други уверенија со кои надлежниот орган може да ја утврди сопственоста.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака? (9)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 47 став 3, точка 3 алинеја 1 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Владимир Станковски, Љупчо Мешков, Слободан Најдовски, Слободан Даневски и Владимир Соколовски.

Отворам претрес по амандманот на член 51 став 1 поднесен од пратениците Сами Ибраими, Наџи Пурде, Хисни Шаќири, Зеќир Кадриу и Рами Туда.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака? (ниеден)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 51 став 1 поднесен од пратениците Сами Ибраими, Наџи Пурде, Хисни Шаќири, Зеќир Кадриу и Рами Туда.

Отворам претрес по амандманот на член 51 став 1 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Владимир Станковски, Љупчо Мешков, Слободан Најдовски, Слободан Даневски и Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор министерот Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Јас сакам да кажам дека во членот 51 со формулацијата дека за некои посложени случаи истекот може да биде повеќе од 6 месеци со тоа законот овозможува во сложени случаеви на докажување и на постапката дека тоа може да отиде докажувањето во недоглед. Ние со овој амандман сакаме тоа да го лимитираме и да изнесува најмногу до една година. Јас мислам дека пратениците би требало да го поддржат овом амандман.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дапи некој друг бара збор?

Има збор министерот Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Само да објаснам, бидејќи двата амандмани се однесуваат горе долу за иста содржина дефакто ние ќе прифатиме меѓутоа сметаме дека најпрецизна е содржината на амандманот од Законодавно - правната комисија која има амандман по истата работа, меѓутоа, таму е попрецизна формулацијата и ќе се решат сите три претходни амандмани.

XIV/11

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака? (1)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 51 став 1 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Владимир Станковски, Љупчо Мешков, Слободан Најдовски, Слободан Даневски и Владимир Соколовски.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 69 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Констатирам дека амандманот е составен дел на Законот.

Во меѓувреме пратеникот Назми Маљичи поднесе амандман на член 6 став 1 за бришење на точка 6 и член 11 за бришење на став 2 по кои Владата не се произнела.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1 за бришење на точка 6 поднесен од пратеникот Назми Маљичи.

Претставникот на Владата се произнесе дека не го прифаќа.

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 став 1 за бришење на точка 6 поднесен од пратеникот Назми Маљичи.

Отворам претрес по амандманот на член 11 за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Назми Маљичи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака? (ниеден)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 11 за бришење на став 1 за бришење на точката 6 поднесен од пратеникот Назми Маљичи.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Имаме кворум за работа.

Кој е за, молам да крене рака? (50)

Дали има некој против? (9)

Дали некој се воздржува од гласање? (4)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за денационализација.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

(седницата прекина со работа во 18,20 часот)